**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Четириесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 јуни 2007 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,41 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата за да можеме да почнеме со седницата.

Продолжуваме со работа по 45-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Јован Манасиевски, Љубчо Георгиевски, Павле Трајанов, Петар Поп Арсов, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Елмазе Селмани, Абдулади Вејсели, Али Ахмети, Фазли Велиу, Борис Кондарко, Есад Рахиќ, Лазар Китановски и Теута Ариви, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме со точката 11. - Предлог на закон за соработка помеѓу Република Македонија и Меѓународниот кривичен суд за гонење лица одговорни за сериозни повреди на меѓународното хуманитарно право, извршени на територијата на поранешна Југославија.**

Предлогот на законот ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Пратениците Цветанка Иванова, Јани Макрадули, Оливер Спасовски и Борис Кондарко поднесоа амандман на член 39 за додавање нов став 3 по ставот 2 по кој Владата не се произнела.

Кон овој амандман се приклучи пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

Пратениците Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Цветанка Иванова и Благородна Цветковска поднесоа амандман на член 17 за менување на став 3, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Аднан Јашари, Рафис Алити, Зумрете Јакупи, Агрон Буџаку, Тахир Хани, Џевад Адеми, Садула Дураки, Ајше Селмани, Селвие Салиу, поднесоа амандмани на член 12 став 2 за бришење на точка 3, и за бришење на глава 5, и членовите 25, 26, 27, и 28 по кои Владата не се произнела.

Кон овие амандмани се прилучија пратениците Сафет Незири и Блерим Беџети.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 2, за бришење на точка 3 поднесен од пратениците Аднан Јашари, Рафис Алити, Зумрете Јакупи, Агрон Буџаку, Тахир Хани, Џеват Адеми, Садула Дураки, Ајше Селмани, Селвие Салиу, Сафет Незири и Блерим Беџети.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата министерот Маневски, повелете.

Михајло Маневски: Владата не го прифаќа поднесениот амандман од причини што очигледно е дека со законот кој што се предлага се настојува кон тоа да се обезбеди една целосна и потполна соработка со Хашкиот трибунал, со тоа што Република Македонија изразува цврста определба, како што е наведено во членот 3, сите министерства, судови и јавни обвинителства, и други надлежни органи целосно да соработуваат со Хашкиот трибунал во согласност со резолуцијата на Советот за безбедност на Обединетите нации, како што е предвидено со овој закон.

Практично, овој закон ги регулира прашањата што се однесуваат на надлежноста на Хашкиот трибунал, прашања што се однесуваат на функцијата во врска со предавањето на предмети на Хашкиот трибунал, по кои Хашкиот трибунал веќе води определена постапка, враќањето на предметите, лишувањето од слобода, утврдувањето на мерката притвор и други мерки што се предвидуваат по Законот, како и постапувањето во врска со предметите што треба да бидат вратени, отстапени при кривично гонење и постапување по предметите што се отстапени за гонењето и секако оние одредби што се однесуваат на форми на соработка и форми на извршување на одлуките и санкциите што се донесени од Хашкиот трибунал. Секако дека се работи за еден исклучително значаен закон, кој што се заснова на основните начела за почитувањето на меѓународното право утврдени со Уставот и законите на Република Македонија и општо прифатените начела на меѓународното право и начелото на законитост, начелото на почитувањето на човековите права и начелото на еднаквост на сите пред законот.

Овој закон беше доставен два пати во Хашкиот трибунал и кај главниот обвинител на Хашкиот трибунал и одредбите на законот се целосно усогласени и со Хашкиот трибунал и со главниот обвинител на Хашкиот трибунал, а секако и при утврдувањето на одредбите на законот, се имаат во предвид мисијата и расправите и по предлогот за донесување на законот, затоа што дел од тие расправи, дел од тие прашања се у редени во законот.

Мислам дека од овие причини Владата не го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарамгосподине министре.

Господине Рафис Алити имате збор, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Ги поздравувам сите присутни на оваа пленарна седница, сите пратеници и претставникот на Владата.

Со овој закон или членовите се во спротивност со законот кој е донесен во 2002 година со законот за амнестија. На овој начин овој закон во соработка со кривичниот меѓународен суд за

гонење на лица, одговорни за повреди на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија, мислам дека треба да се усогласат со текстот на законот, каде се говори за поранешна територија Југославија од 1991 година. Како што е на пример, членот 1, од овој закон, каде што е прецизиран овој рок во оваа насока.

Ние во текстот на овој Предлог закон треба да се предвиди овој рок и во оваа насока мислам дека нема да има колизија помеѓу назначувањето на овој Предлог закон и неговиот текст.

Второ, неколку одредби од овој закон се во колизија со одредбите на Законот за амнестија донесен во март 2002 година, со кој закон се ослободија од гонење, како и се прекинаа отпочнатите постапки на граѓаните за кои постоеше сомнеж дека имаат подготвено и извршено кривично дело во врска со конфликтот во 2001 година. Во оваа насока Законот за амнестија не ги има опфатено само тие граѓани кои го повредиле поредокот и правата на меѓународното хуманитарно право, бидејќи овие кривични дела биле во надлежност на Хашкиот трибунал. Поаѓајќи од фактот дека Хашкиот трибунал е прогласен на некомпетентен за неколку предмети и оценувајќи го тоа дека нема кршење на правилата на меѓународното хуманитарно право, додека за други дела постои амнестија, оценуваме дека членот 12 став 2 точка 3 е во колизија, непосредна колизија со одредбите на Законот за амнестија. Затоа, предлагаме оваа точка да се измени. Во оваа насока оценуваме дека и Глава 5 од текстот на законот кој ги опфаќа членовите од 25 до 29 во кои се говори за можноста на отстапување на предмети од Хашкиот трибунал во државните оргнаи дека е во колизија со одредбите на Законот за амнестија. И, како таков, не треба да постои.

Во овој случај, исто така, треба да нагласам дека соработката треба да постои како и Законот за соработка, таков закон треба да постои, бидејќи правно оваа соработка ќе ја уреди еден таков закон. Но, треба да нагласиме дека закони за соработка донесоа и неколку држави кои излегоа од поранешна Југославија. Но, во нивните закони, не се предвидени одредбите како тие што се нагласени малку погоре и кои се вградени во текстот на овој закон, како што е Законот за соработка на Србија и Црна Гора, донесен во 2002 година.

Јас уште еднаш ќе наглассам дека ние како парламентарна група ДУИ - ПДП сме подготвени и заинтересирани навистина да се донесе еден закон за соработка со хашкиот трибунал, но се разбира, еден закон кој нема да биде во спротивност со Законот кој е донесен во 2002 година, кој го нагласив претходно, а тоа е Законот за амнестија. Така што, доколку на овој начин, како што е предложен овој закон, се донесе од ова Собрание, сигурно дека ќе отвори многу дилеми кај нашите граѓани, велам кај граѓаните на Република Македонија, затоа што јасно се гледа или јасно ќе се види во иднина дека тие кои доставија материјали до Хашкиот трибунал, ги доставиле тие материјали и тие биле пристрасни, еднострани материјали. Никогаш ниту еден претставник на ДУИ не кажал или не рекол дека некој припадник кој бил инволвиран во 2001 година во конфликтот, дека не треба да одговара пред Хашкиот трибунал. Но, се поставува следново прашање, зошто органите на Република Македонија не доставиле исто така и не ги процесуирале предметите за шесте албанци исчезнати во 2001 година. Ова е тоа што ќе отвори дилеми во иднина, дали албанците се еднакви со другите граѓани во Република Македонија или за припадниците на македонската заедница важат други стандарди, додека за албанците важат поинакви и други стандарди. Ова го велам од причина што овде се врши дискриминација од страна на државните органи кога се обраќа на една институција, како што е Хашкиот трибунал.

Затоа, мислам дека нашите амандмани треба да се прифатат, независно кој на која страна и припаѓа или на која заедница и припаѓа, ова да се остави во надлежностите на Хашкиот трибунал и лицата кои сториле дела против човештвото да одговараат пред Хашкиот трибунал. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господин Тахир Хани, повелете.

Претходно, министерот за правда се јави за реплика.

**Михајло Маневски:** Сакам да кажам дека Република Македонија нема двојни стандарди по однос на тоа кога се однесува за прашањето за кршењето на нормите на меѓународното хуманитарно право, ниту Хашкиот трибунал се прогласил за некомпетентен во случаевите. Ова од причини што во практиката на Хашкиот трибунал е дека отстапува од предмети на други држави кои што произлегоа од поранешна Југосалвија на судовите во Босна и Херцеговина, на судови во Хрватска и на други судови во државите од Поранешна Југославија, што значи не е преседант ова да се однесува само на Република Македонија.

Второ, мислам дека согласно членот 1 ставот 4, од Законот за амнестија, одредбите од ставовите 1, 2 и 3 од тој член, не се однесуваат на лицата кои извршиле кривични дела поврзани во врска со конфликтот во 2001 година, кои се во надлежност и за кои меѓународниот трибунал за гонење на лица одговорни за тешко кршење на меѓународното хуманитарно право на територијата на Поранешна Југославија, ќе поведе постапка.

Трета работа, мислам дека во членот 25, членот 26 ставот 5 јасно е наведено дека надлежните органи на Република Македонија по предметите што ќе бидат отстапени од Хашкиот трибунал, соработуваат со мисијата на ОБСЕ и оваа соработка се случува доставување на одговори на барање на информации и обезбедување на

непречен пристап до сите лица притворени во текот на постапката, пристап до истражни списи итн., што значи една комплетна соработка, што е регулирана и во членот 6 од Законот, каде што се говори дека соработка во врска со сето ова се остварува и со Мисијата на ОБСЕ и со ЕУ.

Четврто, токму од Меѓународната заедница, од организацијата за безбедност и соработка на ОБСЕ, од правната канцеларија и други меѓународни организации е со целосна нивна поддршка, финансиска и материјална поддршка, се остварува обука на судии и јавни обвинители, заз примена на одредбите од меѓународното хуманитарно право. Само пред три дена односно прд четири дена се врати третата група на судии и јавни обвинители кои престојуваа една недела во Хашкиот трибунал и предвидени се многу обуки од меѓународното хуманитарно право, предвидена е обука покрај на судии, јавни обвинители, адвокати, следи обука и на преведувачи, на судски советници, на судски соработници, на судска полиција итн., значи практично сето ова се работи по програма што е донесена и во соработка со меѓународните организации кои ги наведов и мислам дека Република Македонија оди кон тоа, покрај материјалните вложувања во капацитетите на судницата итн., што е веќе подготвена, сметам дека Република Македонија во согласност со одредбите од овој закон и во согласност со барањата на меѓународната заедница, презема мерки за примена на одредбите од меѓународното хуманитарно право и ги обучува кадрите за примената на овие норми.

Од тие причини мислам дека амандманите кои што се поднесени и на овој член и на членовите од 25 до 28, не се прифаќаат.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам господине министре,

Господине Алити, имате збор или реплика?

Значи, имате реплика, повелете, вашите три минути.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Јас имам директно прашање и уште еднаш ќе побарам од претставникот на Владата да ми одговори зошто не се процесуираат предметите на шесте исчезнати албанци.Зошто институциите на Република Македонија немаат ист пристап за сите граѓани подеднакво, како и што треба да постапи една демократска држава. Мислам дека прашањето е коректно во однос на објаснувањата, образложението дека имало една недела на обука надвор од земјава, обука било на судиите или обвинители, јас навистина би сакал не само обвинителите, ако за една недела можат да се реформираат тие луѓе и да се подготват стручно за предмети, какви што се предметите на Хашкиот трибунал, тогаш зошто не би однеле таму и други граѓани за обука од една недела, со тоа да кажеме дека еве независно кој на која област му припаѓа дека се стручни лица и тие сега можат да се занимаваат со тешки предмети во однос на бизнисот, некој да го научи бизнисот за една недела.

Така што, ниту Република Македонија е подготвена или нашите институции се подготвени да се соочат со тешки предмети, како што се предметите за злосторства против човештвото. Дури еден таков тест имавме, вие знаете за Раштанските Лозја како заврши процесот.

Јас ќе повторам уште еднаш. Не е добро за нашата земја, не е добро за иднината на нашата земја и понатаму да градиме двојни стандарди кога се говори за 2001 година. 2001 година е една реалност која што се случи во Република Македонија и ние тоа треба да го гледаме како една реалност, но многу е човечки и нормално работите да ги гледаме во перспектива, во нашата иднина.

Со ова некој да не мисли дека сакаме да ги попречиме четирите предмети кои се бараат од нашите институции од Хашкиот Трибунал. Напротив, доколку некој од тие имале дело против човештвото ќе одговара пред Хашкиот Трибунал. Во спротивно за тие лица важи Законот за амнестија независно кој на чија страна бил.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Тахир Хани, повелете.

**Тахир Хани:** Благодарам.

Почитувани пратеници и јас сакам да го кажам моето мислење околу оправданоста на амандманот предложен од страна на пратениците на ДУИ. Мислам дека Предлогот на законот за соработка со Хашкиот Трибунал е закон кој што обврзувачки треба да го хармонизира Законот за амнестија во Република Македонија. Тој закон е од 8 март 2001 година. Сите сме свесни која беше оправданоста овој Парламент, овој највисок законодавен дом да донесе Закон за амнестија, така што се додека ние имаме Закон за амнестија обврзувачки е Законот да се инкорпорира и во Предлогот на законот за Хашкиот Трибунал.

Ние како парламентарна група целосно се согласуваме Република Македонија да соработува со Хашкиот Трибунал и во сите области на судот. Од друга страна имајќи предвид дека државите кои што произлегоа од бившата југословенска федерација, како што е Босна, Србија, Црна Гора и други земји немаа донесено закон за амнестија, така што Република Македонија има една посебна специфика и спецификата на Република Македонија е во фактот дека во Македонија имаше конфликт кој со самото постигнување на политиочки договор докажува, како што е потенцирано и во Предлогот на законот за лустрација од господинот Андов и другиот, но оправданоста зошто во Република Македонија имавме конфликт значи имајќи во предвид дека конфликтот во Република Македонија произлезе и беше производ на неправедната состојба на албанците обврзувачки имплицираше овој највисок законодавен дом да донесе Закон за

амнестија за оние личности кои што дадоа барање или ангажирање во конфликтот за создавање на балансирање или една состојба која ќе биде порамноправна за албанците.

Јас целосно се согласувам и ја поддржувам идејата на парламентарната група на ДУИ Предлогот на законот кој што доаѓа од страна на Владата за соработка со Хашкиот Трибунал да го земе во предвид и Законот за амнестија и тоа член 12 точка 3.

Ние не бараме во никој случај Република Македонија да не соработува со Хашкиот Трибунал, затоа што сигурно ние ги почитуваме стандардите на Меѓународната заедница која ги има како принцип заштитата на правата на човекот или безбедноста на хуманитарноста или меѓународното хуманитарно право. Ние се согласуваме со овој закон, се согласуваме со нормите на овој закон и да соработуваме тесно со сите органи, како што е Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство, судовите и тн.

Но, имајќи во предвид дека ние имаме една внатрешна специфика во Република Македонија и секоја земја на почеток има свои специфики кога има еден Предлог на закон, тој закон треба да се хармонизира со совите специфики. Овие специфики во Република Македонија се тоа што ние имаме Закон за амнестија. Имајќи Закон за амнестија тој Закон не обврзува да направиме хармонизација со Предлогот на законот за сорботка со Хашкиот Трибунал.

Јас се согласувам со образложението што го даде господинот, претставникот на Владата дека на нас ни треба закон за соработка со Хашкиот Трибунал. Ние треба да ги подготвиме нашите кадри, обвинителите, судиите, другите од разни области кои што ќе бидат од непосредна реалција, кои ќе соработуваат за сите оние дела, предмети кои што се однесуваат на кршење на меѓународното хуманитарно право, но од друга страна прифаќаме и бараме овој закон да се хармонизира и со Законот за амнестија, затоа што доколку нема хармонизација и усогласеност на овој закон со Законот за амнестија тогаш ние ќеречеме дека овој орган донесе закон кој што нема правна основа и ние како највисок законодавен дом во 2002 година донесовме Закон за амнестија кој што ги нема меѓународните норми и не знаеме кој предмет нема да се процесуира, бидејќи ќе отфрли некој предмет. Ќе треба да се потенцира таксативно дека треба да се испочитува и Законот за амнестија донесен од овој роган 2002 година, 8 март 2002 година. Ова ќе создаде можност за сите оние дела кои што беа резултат на конфликтот во еден временски период во Република Македонија да нема да имаме судско процесуирање доколку се вгради Законот за амнестија. Тогаш се отвара реална можност во Република Македонија да имаме разни интерпретации во однос на законот за соработка со Хашкиот Трибунал и во однос на подигање на кривични дела на различни личности без оглед, неземајќи го предвид Законот за амнестија.

Ние како држава треба да имаме предвид интересот на земјата да донесуваме закони кои што нема да предизвикуваат проблеми, бидејќи ние доколку не го земеме предвид Законот за амнестија и предлагаме да донесеме еден Предлог на закон за соработка со Хашкиот Трибунал, кој што потоа ќе има импликации во идно време, ќе има имплиакции на она што ќе создаде простор, простор да се отворат да имаме други дела во органите на земјата, во судовите на Република Македонија и овој процес ќе ги создаде тие производи.

Значи, наш интерес е да не правиме дејствија, чекори кои што ќе произведуваат проблеми, туку ние треба да ги елиминираме сите можности во иднина да немаме простор, можности за произведување на проблеми. Во овој правец, во оваа насока треба и претставникот на Владата и овој законодавен дом да имаат во предвид дека Предлогот на законот за соработка со Хашкиот Трибунал ќе го поддржиме сите, но без една таква општа поддржка, но за таква поддршка потребно е да се потенцира на адекватен начин и Законот за амнестија и така заедно да ги градиме тие стандарди кои се неопходни, кои што ќе бидат во согласност со меѓународното хуманитарно право и во соработка со Хашкиот Трибунал, така што самото време ќе потврди кое дејствие ќе биде подобро, затоа што голем број на земји од бившата Југославија го немаат Законот за амнестија и неможеме да имаме закон идентичен за соработка со Хашкиот Трибунал, онака како што го има Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора или некоја друга држава која што е произлезена од бившата југословенска федерација.

Јас ќе завршам тука и верувам дека ќе имаме разбирање од пратениците на одговорен начин да го дадат своето мислење во интерес на градење на правни стандарди во насока на градење на стандарди за меѓународна соработка, да имаме една подобра состојба. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има ли некој за реплика? (Нема).

Би сакал само еден збор да појаснам кој не беше адекватно преведен. Зборот “унаниме” на албански би требало да значи “едногласно”. Тоа е во прилог на прецизноста за да нема недоразбирања.

Има збор господинот Бесим Догани, повелете.

**Бесим Догани:** Благодарам господине претседателе.

Имајќи го во предвид тоа дека ги разгледуваме амандманите не би сакал да говорам опширно, но ќе се потрудам во неколку минути да го кажам ставот на пратеничката група на ДПА.

Ние како парламентарна група го поддржуваме законот за соработка на Република Македонија со меѓународниот Хашки Трибунал. Значи, се говори за еден закон кој е неопходен и кој го има

знаменцето на Европската Унија, но исто така треба да нагласам дека како парламентарна група го образложуваме барањето на парламентарната група на ДУИ во однос на нивните амандмани. Ние ќе ги поддржиме амандманите поднесени од ДУИ. Односно и ние мислиме дека процесуирањето на овие случаи треба да заврши во Хаг. Ова процесуирање нормално ќе биде условено со многу други прашања кои се спомнаа претходно. Мислам дека Македонија нема време за ваков лукс во пресрет на нашето пристапување во НАТО и Европската Унија.

Со оглед на тоа дека со самиот факт дека овие случаи може да се процесуираат во судовите на Република Македонија кои по наше мислење сеуште не се спремни за овие случаи, но и со самиот факт дека може да дојде до процесуирање на овие судски случаи во Република Македонија ќе се фрли сол на старите рани, ќе се отворат широки дебати и бескрајни расправи, ќе се создадат многубројни дилеми за пристрасност во однос на етничката припадност на лицата кои се вклучени во овој случај. Уште еднаш ќе нагласам дека на Македонија не и треба ваков луксуз, не ни требаат вакви дилеми. Наше мислење е дека процесуирањето на овие случаи дефинитивно треба да биде во Хашкиот Трибунал. Затоа ние ќе ги поддржиме амандманите поднесени од страна на ДУИ. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Сафет Незири, повелете.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

**Сафет Незири:** Благодарам.

Реализирајќи го и гледајќи го предложениот закон пред нас ние како парламентарна група на ДУИ и ПДП сме на констатација, но и политички став дека Република Македонија има потреба да има закон кој треба да кореспондира со објективната реалност во земјата, да кореспондира со објективната реалност на односите меѓу Меѓународниот Трибунал во Хаг и Република Македонија во правец на тоа дека соработката треба да биде меѓусебна и многу добра. Но, согледувајќи го во целина овој закон, а пред се амандманот кој што ние го предложивме навистина се однесува за една реална реалност во Република Македонија според состојбата и односите што ги имаме во земјата. Јас мислам дека парламентарното мнозинство треба да има во предвид дека едно вакво нешто кое се инкорпорира во некои членови, кои можеби ја водат во една спротивна страна започнатите процеси во Република Македонија ќе претставува во иднина една носталгична точка која се однесува до државата во овој правец, во оваа насока во однос на подготвувањето на овој Предлог на закон.

Дефинитивно ние треба да бидеме свесни за работите што ги имаме во Република Македонија, општествените односи што ги имаме во Република Македонија, меѓуетничките односи во Република Македонија каде што од 2002 до 2006 година беа односи кои што ја надминаа меѓуетничката тензија, но ние на ниту еден начин, во ниедна форма не сакаме да бидеме генератор на некоја несакана криза во Република Македонија која што има такви елементи. Со самиот факт дека со овој предложен закон од страна на Министерството за правда и на Владата предвидува моменти на сеќавање на минатото во Република Македонија, по ова јас можам да констатирам дека некој посакува свесно или несвесно, во некоја форма со нови елементи да влијае на стабилноста во државата. Ние сме сведоци, имаме познавање дека од бившите југословенски републики кои што подготвија закони злични или вакви, како што Република Србија, Босна и Херцеговина и другите земји кои што соработуваат со Меѓународниот Трибунал во ниту еден член кај нив не се гледа дека има процесуирање на некои предмети од Хашкиот Трибунал во нивните земји. Затоа се поставува прашањето зошто Република Македонија, зошто ние пратениците превземаме “храброст” да донесеме еден ваков закон знаејќи какви меѓуетнички односи имаме во Република Македонија, што на некој начин почна да се намалува тензијата меѓуетничка во Македонија. Значи на некој начин ние го попречуваме ова со една единствена цел, за доброто на граѓаните во Република Македонија.

Ние имаме обврска како пратеници да им дадеме на знаење на институциите во Република Македонија, на граѓаните во Република Македонија започнатите процеси да продолжат напред и да завршат успешно. На таков начин мислам дека кога ќе се создаде меѓусебна доверба меѓу нас пред се пратениците во Република Македонија, со тоа се создава и самодоверба меѓу граѓаните во Република Македонија.

Кога се знае дека со норми на функцинирање на Хашкиот Трибунал, кога Меѓународниот Трибунал во Хаг не е надлежен да ги разгледува некои предмети и мисли дека не треба да се разгедуваат, тогаш јас мислам дека овие точки и овие членови од овој Предлог на закон треба да се елиминираат, да се отстранат, затоа што и Република Македонија нема надлежност и нема обврска да ги разгледува, затоа што сама по себе доаѓа во судир со Законот за амнестија, со кој многу добро е дефинирано сите инволвирани во војната 2001 година, сите тие да се амнестираат во однос на нивните дејствија и дела. Токму поради оваа позиција и во однос на овој Закон за амнестија јас мислам дека не треба овие точки да постојат во Предлогот на законот за соработка со Хашкиот Трибунал.

Затоа што самиот случај кој вели дека не е надлежен Хашкиот трибунал, овде алудира дека и судовите во Република Македонија нема да бидат во состојба да ја извршат обврската која што можеби ќе ја добијат од Хашкиот трибунал сама Македонија да ги процесуира овие предмети. Самото процесуирање на предметите

кој што мисли дека  Трибуналот во Хаг не се предмет за разгледување и Македонија не е во состојба професионално подготвена, иако беа на разни обуки надвор од државата, судии и јавни обвинители. Овој предлог на овие членови особено измената на овие членови што ние ги предложивме како парламентарна група ДУИ-ПДП, мислам дека треба да се прифати од мнозинството во Парламентот. Ви благодарам.

**Љубиша Геогргиевски:** Има збор господинот Аднан Јашари.

**Аднан јашари:** Ви благодарам.

Почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата, дозволете ми да кажам два, три збора во врска со амандманите предложени во врска со текстот на законот во однос на Меѓународниот кривичен суд, или како што се назначува Хашкиот трибунал. Иако ние како парламентарна група не бевме во првата фаза кога се расправаше овој закон, но нормално ги следевме седниците и уште во прва фаза надвор од овој дом и преку средствата за јавно информирање ги кажавме нашите забелешки. Лично сум бил присутен и на еден семинар каде расправаа експерти во Република Македонија во врска со овој закон. И во оваа насока имајќи го во предвид тоа, неколку  од ставовите и на експертите и на парламентарната група, ние предложивме два амандмани. Иако јавно ќе кажам дека јас лично имам многу забелешки во однос на текстот на овој закон за кој нормално ќе говорам кога ќе дојде време.

Најнапред сакам да нагласам дека Хашкиот трибунал како што се нагласува во образложението на овој закон е основан со резолуција на Советот за безбедност за кривични дела во однос на тешки повреди на меѓународно хуманитарно право. Сето ова значи дека надлежностите на овој орган се определени со оваа резолуција и нормално дека  сето тоа е предвидено во Статутот на Хашкиот трибунал. И никако ние не можеме со закони од ова Собрание да определиме надлежности како што се предвидува во вториот дел на главата каде кој ни е понуден, каде се говори, таков е насловот се назначуваат надлежностите на Хашкиот трибунал. Мислам дека ова е грешка токму поаѓајки од резолуцијата на Советот за безбедност Законот за амнестија кој е донесен во март 2002 година во членот 1, став 1,2, 3 и нормално 4 операционализирајќи го ова што го кажав претходно имате видено можност за кривични дела кои се направени во конфликтот во 2001 година овде во Република Македонија, а за кои нормално дека е компетентен Хашкиот трибунал, да може тие дела  да се процесуираат и да се одвиваат и нормално во согласност со околностите и фактите Хашкиот трибунал да донесе одредена пресуда. За  другите дела како што се предвидува во член 1 став 1 се предвидува амнестија како што се вели во Законот за амнестија на граѓаните инволвирани во конфликтот 2001 година. И токму ова е причината за која ние ви предложивме амандмани за кои цениме дека неколку одредби кои се предвидени  во текстот на овој закон се во непосредна колизија со одредбите со Законот за амнестија, или да кажам се говори за судир на правни норми. Јас знам дека во правниот систем во Македонија постојат судир, или колизија на норми не само помеѓу овие два закони, туку и помеѓу други закони. Но, покрај тоа бидејќи се говори за едно деликатно прашање, ценам дека вие треба да го имате во предвид ова што сме го предложиле преку нашите амандмани и нормално треба да го искажете вашиот став . Но, бидејќи вашиот став е негативен во врска со ова прашање, ние нормално дека бараме и очекуваме подршка од страна на пратениците. Членот 1 став 1 од Законот за амнестија кој е овде пред мене е многу јасен и дециден. Се амнестираат сите граѓани кои се инволвирани во конфликтот во 2001 година, нормално освен случаите, исклучоците кои се предвидуваат од ова начело. Додека во став 4 од овој член се предвидува што е во надлежност на Хашкиот трибунал. Како што се нагласува во ставот 4 кој е преземен од Статутот на Хашкиот трибунал се нагласува дека за кривични дела во однос на тешки повреди на меѓународното хуманитарно право, за тие дела е компетентен да одлучува Хашкиот трибунал. И сега се поставува следново прашање, зошто во членот 12, став 2 точка 3 и во четирите члена кои се предвидени во глава 5, почнувајќи од член 25 до членот 29 се постапува на овој начин кога се имаат во предвид овие два става на член 1 од Законот за амнестија. До колку некој сака преку ова што е вградено во текстот на овој закон да врши политика, е прашање на политика и тука не сакам да навлегувам. Но, имајќи во предвид дека говориме за правни прашања и над се кога се има во предвид фактот дека овој закон е предложен од Владата преку претставникот на Министерството за правда, ценам дека овој закон треба да го третираме едноставно и од правен аспект. Да ви ја кажам вистината, со мене ги имам сите закони на државите кои имаат донесено закони за соработка со Хашкиот трибунал, но нормално државите кои се осамостоија од поранешниот систем, или произлегоа од поранешниот систем и дојдоа до заклучок дека ниту една од овие држави не предвидува вакви норми од овој карактер. И од тука јас оценувам дека господине министер иако јас не успеав да го сослушам вашето мислење и вашиот став за овие наши предложени амандмани. Барам одговор, дали мислите дека членот 12 став 2 точка 3 и глава 5 од текстот на овој закон кој ни е понуден не е во спротивност со членот 1, став 1 и став 4 од Законот за амнестија. Јас ги имам и заклучоците. Значи, производ на еден семинар каде што учествуваа експерти од Меѓународното кривично право, ако сакате ќе ви ги прочитам и ќе видите дека е вака како што јас велам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор госпоѓа Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:**Лично бев и сеуште сум во диелма, дали беше време и прав момент да се дискутира за овој закон. Од едноставна причина што не може да се носи закон за соработка во Хаг, така како што е наречен во јавноста, а да нема дискусии за она што се случувало во 2001 година, па и за она што се случува сега. Она што се случи во 2001 година, ние обично велиме, се случи конфликт. Тоа е нешто, ќе ве потсетам на една позната проза кога Кир Јања ја прашува жена си, каде е лебот, таа вели: се изеде лебот. А тој и одговара: лебот не се јаде сам, некој мораше да гио изеде лебот. Значи, ние имавме конфликт кој до ден денес не сме го дефинирале. Нема лесен и тежок конфликт. Можеби има мал по обем, или голем по обем. Но, ако воопшто сакаме да се спуштиме во тезата, дали има лесен, и тежок, тогаш оној тешкиот би можеле да го дефинираме како некој кој што е многу компициран и се појавува во сериозни околности, а особено многу компицирани се конфликтите кога од едната, или од двете страни се наоѓаат припадници на различни етнички заедници, или конфликтот можеме да го наречеме значи национален. Конфликтот 2001 година се случи во време кога имавме тешка економска состојба малку подобра од онаа претходно, но во суштина многу тешка кога ги трпевме сериозно ефектите на долготрајната транзиција, кога приватизацијата се одвиваше на криминален, или неправеден несоодветен начин, кога во Македонија владееа партии формирани не по идеологија, или по ориентација, туку национални партии, значи партии на Македонците, Албанците, Србите, Турците и т.н. и кога значи во 1991 година, од 1991 до 2001 година, постоеше различно толкување на сите настани меѓу македонците и албанците. Македонците срећни затоа што прв пат имаат своја држава, се обидуваа да ги потенцираат своите национални вреднсоти, додека албанците сметаа дека со Уставот од 1991 година го изгубиле она што го добиле во бивша Југославија со Уставот од 1974 година. Пак ќе ве потсетам дека тогашните албански партии не го ни гласаа Уставот во Република Македонија. Земјата во 2001 година ја потресуваа политички и економски, или криминални афери и наместо да бидеме сконцентрирани на она што би требало да биде заеднички став на сите граѓани во земјата, партиите воглавно гледаа да работат за партиски потреби, а не за државни потреби. Македонците велеа дека конфликтот почнал после митингот во март во Тетово кога албанските интелектуалци се придружија на косовските интелектуалци. Значи кризата во 1999 година во Косово значително влијаеше на она што се случуваше во Македонија, па македонците сметаа дека се што се случуваше 2001 година е резултат на план за остварување на голема Албанија. Албанците пак велеа дека тие не си ги остваруваат своите граѓански права во државата во која македонците не им дозволувале затоа што се мнозинство, да ги остварат своите граѓански права. Македонците велеа и тогаш, а и до ден денес дека биле нападнати, дека Македонија беше нападната од страна вооружена униформирана војска. Додека албанците велеа дека албанците од Македонија се борат за човекови права кои им биле ускратувани многу поодамна, уште во стариот режим во време на СФРЈ. Парламентот за време на кризата се состана само два пати. Парламентот расправаше за кризата, но не донесе заклучок. Премиерот бараше воена состојба за да може да ја вклучи војската, Парламентот не го дозволи тоа. Полицијата требаше да се справи со оние кои Меѓународната заедница во почетокот ги нарече криминалци и бунтовници, а не беше спремна ниту кадровски, ниту технички за да одговори на потребите. Војската сепак беше вклучена и за потребите на полицијата беше формирана специјалната единица Лавови. Албанците велеа дека државните институции и така ги доживуваа како што и македонците сето ова за што зборувам, го доживуваа. Албанците велеа дека државата наместо да ги сослуша и да разговара со нив дупло и воено ги репресира и тие бараа оправдување за воените акции кои ги спроведуваа. Меѓународната заедница го промени ставот за кратко време и искрено се вклучи во работата на прекин на воениот, односно вооружениот конфликт. Како резултат на Меѓународната заедница и двете завојувани страни произлезе Рамковниот договор. Рамковниот договор не би сакала да зборувам дали е општо прифатливо и добро решение, дали е привремено, или трајно решение, дали е наметнато, или доброволно решение на сите три учесници во составувањето. Значи, каков е Рамковниот договор требаше да покаже времето од 2001 до 2007 година. И за него би зборувала и за ситуацијата сега во овој момент во 2007 година откако си го поставила прашањето, дали воопшто, можеби јас сум пропуштила таква информација, дали воопшто некој релевантен политичар во Македонија кажа што тоа се случуваше во 2001 година. Дали ние имавме две спротивставени војски со воена организација и со командна одговорност на двете страни. Ако имавме две вооружени армии без оглед на тоа кој ги сочинувал, тогаш има командна одговорност и на едната и на другата страна. Ако барем едната не била таква, тогаш нема командна одговорнсот ниту на едната, ниту на другата страна и тогаш ние сме немале војна, туку сме имале навистина некаков си вооружен конфликт внатре во земјата, дали бил прелеан од надвор, веќе воопшто не е ни важно. Ако сме немале војна, Хашкиот трибунал не е надлежен за она што се случувало во Македонија. Ако сме имале војна, Хашкиот трибунал е надлежен за сите дела против, значи хуманитарното меѓународно право што се случувале во Македонија. Мислам дека ќе беше многу корисно Парламентот на оваа тема да дискутираше многу порано за многу порано да си ги решиме дилемите отколку во моментот кога на 10-ти доаѓа претседателот на САД во Тирана и кога

ние на 28 го имаме големиот НАТО Самит и го очекуваме влезот во НАТО, да расправаме на оваа тема. Бидејки не може да се разговара за закон за соработка со Хаг, а да не се спомнат овие нешта. При тоа, би сакала да направам паралела меѓу тоа што се случуваше тогаш и сега. Земјата е во економска криза, малку подобра, малку значи послаба од онаа што беше претходно, но сепак, во економска криза. Остана уште мал дел нешто на приватизација што е можеби и не толку важно, но невработеноста е огромна. Политичките партии сеуште се национални, не се од граѓански тип и не се од идеолошки, или од по правец формирани. За жал, сеуште во нашиот Парламент се зборува за правата на албанците и сеуште македонците сметаат дека многу даваат, небаре пак тие се господ па некому треба да даваат, а пак албанците небаре се господови чеда, па треба се нешто повеќе да добијат. Човековите права се еднакви за сите. Но, идеата беше дека не се сменило многу од периодот 2001 до 2007 година. Од Рамковниот договор незадоволни и македонците и албанците. Од спроведувањето на Рамковниот договор незадоволни и македонците и албанците.

При тоа, никој не се сеќава да ги спомне и оние другите. На пример, Турците, на пример Србите, на пример Ромите. Политичките партии во Македонија воглавно станаа заложници на барањето на гласачите. Политичките лидери на политичките партии и останатите од партиите се однесуваат по потребите на гласачите и во овој момент се води кампања, небаре избори ќе има утре. Можеби избори ќе има утре во петок, понеделник или следниот петок, но во овој момент она што е важно за сите политички партии во Македонија е опстанокот на државата со Евроатланската интеграција. Она што политичарите 7 години по конфликтот досега, според мене, барем повеќето не го научија, е дека тие се одговорни за формирањето на јавното мнение, или на јавното мислење. И дека наша е одговорноста што ќе мислат и Македонците и Албанците и Ромите и Србите и сите останати граѓани кои живеат во Македонија, а јас сосема случајно пропуштам да ги спомнам. Ние сме тие кои треба да го креираме мислењето на народот, односно на граѓаните. Колку поуспешно и похармонизирано тоа го правиме, толку подемократска и толку поправедна ќе биде ситуацијата во оваа земја. Деновиве ми се чини, дека се случува нешто обратно. Нешто што значи борба за секој еден гласач во државата од непознати причини.

Она што треба да се случи, за што јас постојано зборувам е дека во овој момент, така се наредија коцките од мозаикот. Во овој момент ние можеме да учиме од нашите соседи, бидејќи сите ние сме ја определиле нашата цел и нашиот став. Нашата цел и нашиот став се Евроатланските интеграции. Ако имаме Евроатлански интеграции сите се декларираме како дел и сите се декларираме дека сакаме тоа да го оствариме. Ние мора да имаме заеднички интерес, а тоа е тоа. Влезот во НАТО и добивање на статус на преговори во Европската унија. Ако е тоа така, политичките партии и политичарите можат да се разликуваат во се и сешто, но политички ќе бидат мудри и ценети само ако добро го одредуваат тајмингот за дискусија на нивните разлики. Во овој момент ние имаме поважна задача, задача во која мораме да ги најдеме нашите сличности по она по што ние би можеле да се обединиме, за да релаксираме она што навистина треба да се релаксира.

Можеби Законот за соработка со Хаг требаше да се донесе порано. Слушнав некој спомна Србија, Црна Гора, 2003 година и во првата и во втората фаза.

Ние почитувани пратеници немавме војна како во Босна. Ние немавме војна, затоа што не сме ја крстиле како војна. Ние имавме вооружен конфликт, а она што се случуваше во Босна и на бившите југословенски простори, фала му на господа, многу се разликуваше од она што се случуваше кај нас.

Колку што мене ми е познато и колку што добивав информации за Закон за Хаг не се залагаа и оние, кои Законот ги засегаше. Па дури, и лично одредени индивидуи кои ги засегаше овој Закон, навистина, во одредени периоди различно се произнесуваа по Законот.

Ние не добивме критика од Меѓународната заедница дека несоработуваме со Хаг. Ние и без Законот соработувавме со Хаг што сметам дека требаше да биде и апсолутно така според мое лично мислење требаше да биде и сметам дека јас сум ја изгубила од вид точната информација каде ја имам прочитано, но оние кои посериозно се занимаваат со оваа проблематика, ќе се сетат дека ние дури бевме благо пофалени, или пофалени за нашата соработка со Хаг.

Она што е денес тема на разговор, амнестијата дали тече за 4-те случаи и дали 4-те случаи треба да подлежат под овој Закон или не. Ние ја донесовме амнестијата како придобивка на демократијата во оваа земја и сметам дека таа не треба да биде тема на дискусија. Ако оние што се амнестирани, подлежат под Законот за амнестија, а се наоѓаат во 4-те предмети од Хашкиот трибунал, сметам дека нема од што да се плашат. Но, ако Хашкиот трибунал сметал дека овие предмети не подлежат на Законот за амнестија, сметам дека нема дилема да се процесуираат во институциите, судските, обвинителските институции на државата Македонија.

Ние како релевантни политичари кои седиме во овој Парламент ако изјавиме пред македонската јавност дека се сомневаме во институциите во државата и дали нашиот судски систем има капацитет да ги решава овие проблеми, не можеме да очекуваме граѓаните да веруваат ниту во институциите на државата, ниту да ни веруваат нам како нивни претставници, избрани

од нив за да ги застапуваме нивните интереси во овој Парламент.

Јас лично верувам во капацитетот на македонските државни инатитуции и сметам дека да, македонското судство, можеби тешко, можеби бавно, можеби макотрпно, но ќе има капацитет да се справи и со најтешките случаи, дури и со оние кои произлегоа од таканаречениот конфликт во 2001 година.

Луѓето, политичарите кои наназад 8 или 4 или некои 2 години, или некои 10 месеци, изјавуваат дека работат за Македонија, затоа што се чуствуваат како рамноправен член на македонската мултиетничка заедница или општество, би требало да имаат одговорност и да внимаваат при давањето на нивните изјави.

Различните интерпретации на различните настани се вообичаено нешто. Секоја од завојуваните страни, нормално е во историјата да сакаат да ги глорифицираат настаните и личностите, со единствена цел да го оправдат учеството во својот конфликт. Но, тоа не значи дека политичарите не треба да бидат одговорни и квазиобјективно да дискутираат за настаните од историското минато. Можеби многу малку време помина од 2001, до 2007 година за да можеме било кој од нас сосема објективно да дискутираме за она што се случуваше и веројатно, многу малку од нас имаат релевантни информации за се она што тогаш се случуваше. Но она што објективно можеме да го напрвиме е да направиме се, па и усогласување на нашите закони со Европските закони, или да направиме се што е во наша моќ, што побрзо да ја добиеме поканата за учество во НАТО и датумот за преговори со Европската унија.

Во тој правец не гледам ништо спорно, во членот 12 од Законот и сметам дека и другите дискутанти треба да го преиспитаат својот став по овој член, дека не е особено значаен и дека навистина, нема да ги засегне, според мое лично мислење, за кое можеби и не сум во право, нема да ги засегне учесниците кои се во овие предмети, а дека заедничкото изгласување на овој Закон, бидејќи е донесен до Парламентот и сигурно ќе се изгласа од монозинството, би бил убав сигнал и за граѓаните и за меѓународната заедница, за нашиот демократски капацитет и за нашата силна волја за Евроатланска интеграција. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Има збор господин Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре Маневски,

Расправата по овој амандман докажа дека непотребно Министерството за правда прави уште една авантура и непотребно покрај успешната соработка која што ја имавме досега, иако немавме закон, се обидува со упорното туркање на еден број, кој не само според експертската јавност е непотребен, туку и за просечниот студент по право, покажува дека од 40-те члена кои се дадени како Предлог-закон, веќе 37 се толку анахрони, што немаат никаква практична примена.

Во право се сега колегите од ДУИ кога веќе ја отворивме оваа расправа, повторно да ги враќаат старите теми од 2001 година, повторно да говорат за судири на конфликт на меѓународните прописи и на евентуално нашиот закон. Во право е колешката Јаневска која сега се повикува и на актуелните случаи кои ги имаме против двајца високи поранешни функционери на македонските безбедносни сили. Сето ова создава една ситуација каде што дефинитивно продолжуваме да бидеме втурнати во еден проект кој јас тврдам и согласно сето она што го слушнав како дискусија за оваа расправа, дека е непотребен. Значи, нема друго образложение, освен дека некој се плаши да бидат вратени 4-те предмети.

Значи, ние со соработка со Хашкиот трибунал до сега имаме правено се беспрекорно. Во ниту еден случај неумесни се споредбите што некој ги прави, Македонија со другите поранешни југословенски републики. Немала Македонија илјадници случаи колку другите држави. Немала Република Македонија услов да напредува, или да не напредува во приближувањето кон НАТО или кон Европската унија да соработува со Хашкиот трибунал. Ова не можам никако поинаку до го сфатам, освен како купување време од страна на министерот за правда и фрлање прав во очите на македонската јавност, со тоа, нанесувајќи голема штета на угледот, пред се, на Република Македонија.

Значи, на Република Македонија не и треба во овој момент носењето на овој Закон. Овој Закон само дополнително ќе ги вжешти и така многу чуствителните меѓуетнички односи, кои за жал, сакал да признае ВМРО-ДПМНЕ, сакал да признае премиерот или не, стануваат повторно топ тема во опсервациите како изгледа денеска Република Македонија.

Отворањето на оваа пандорина кутија, кога имаме генерално многу повеќе приоритети со тој Хашки трибунал, пред се, Владата има многу поголеми приоритети да го уреди, ако не со Закон, барем со подзаконски акт, начинот на кој ќе биде финансирана одбраната на двајца македонски граѓани, тргнувајќи од начелото на презумција за невиност, се уште се невини, додека не се покаже спротивното. Наместо тоа да го регулираме и да не биде доведувана во ситуација како претходната и оваа Влада атхог да носи одлуки, користејќи го своето дискреционо право за суми кои мора да знае македонската јавност дека не се мали. Бидејќи, одбраната и на Бошковски и на Трчуловски чини сериозни пари. Наместо тоа да го отвориме како сериозен проблем, или во краен случај, ако некој се сомнева дека може да биде нашето судство пристрасно, да има овој Закон само еден или два члена, каде што ќе биде дадена законска можност ОБСЕ или припадниците на Европската унија или Европскиот мониторинг да присуствуваат на судењето, ние влегуваме во

еден небулозен проект кој може да го објасни единствено конфузниот министер за правда. Единствено тој во оваа сала, знае зошто по она фијаско што вчера го доживеа со Судскиот совет, каде што во секоја нормална држава, министерот за правда, затоа што некој треба да понесе одговорност. Оној кутар министер за култура го испративме во историјата за нешто што сметавме дека е цензура. А човекот кој е кочничар на најсериозните реформи, по фијаското што вчера го доживеа овде, седи и ни брани тези колку бил битен овој закон за Република Македонија. Овој Закон воопшто на Република Македонија не и треба. Република Македонија има одлична соработка, затоа што го почитуваше доследно статутот на Трибуналот и правилникот за постапките и доказите. Влегувањето во ваква авантура да се носи овој закон, јас ви тврдам, дека само ќе ја вжешти дополнително и така веќе сериозната криза која постои во Парламентот во Република Македонија, повторно ќе ги спротистави македонските пратеници со припадниците на другите етнички заедници, пред се на пратениците на албанската заедница и ќе направи многу поголема штета. А целата оваа работа требаше тивко да се води, онака како што беше договарано. Не онака како што во не знам кое својство во портпарол на Владата, да речеме задолжената потпретседателка за евроинтеграции при првата средба што ја имаше министерот за правда, во придружба на министерот за внатрешни работи ни испрати порака од Хаг дека предметите ќе се вратат во јуни. За после тоа да излезе министерот за правда со нови свои изјави, каде што волонтеристички настапи, давајќи квалификации дека трабало дополнителна едукација на судиите и на обвинителите, што апсолутно, не одговара на вистинските причини, зошто Република Македонија ги нема вратено овие 4 предмети. Враќањето на овие 4 предмети, ако сакате да имате законска обврска, да се спречи ваквото волонтеристичко однесување на еден министер, требаше да има само еден член и да има ограничување од 30 дена да се вратат овде предметите и да дадеме шанса македонското судство да покаже дека има и доволно квалитет и дека има доволно едуцираност да постапува по овие предмети.

Вака ќе наликува и понатаму амандманската расправа, како што беше досега и веројатно, имаат други главоболки премиерот, соочени со интерпелацијата, која ја поднесе пратеничката група на СДСМ, веројатно соочени со подготовките за седницата во четврток, ако некој од неговите советници ја следи расправата треба да му порача на министерот за правда да ја прекине оваа агонија и да ја прекинеме оваа расправа и да се повлече овој Предлог-закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Благодарам.

На почетокот јас ќе додадам една дигресија во врска со вашата интервенција, кога го преведовте зборот “анонимен” на албански со зборот “едногласен”.

Зборот “анонимен” на албански господине претседателе е исто толку албански, колку што е и македонски кој што е меѓународен. Инаку, зборот “едногласен” на албански е “ињзшн”. Само за почит кон тоа што успеавте да го учите поинтезивно албанскиот јазик.

**Љубиша Георгиевски:** Така е. Во право сте.

**Азис Положани:** Ќе продолжам да дадам една елаборација во однос на прашањето кое што е на дневен ред, значи, Предлог законот од страна на Владата во втора фаза за соработка на Република Македонија со Меѓународниот кривичен суд за гонење на лица одговорни за сериозни повреди на Меѓународно документарно право, така наречен Хашки суд, или Хашки трибунал скратено.

Верувам дека и јавноста и колегите пратеници и вие почитувани сите тука, ја разбирате причината зошто во врска со овој амандман повеќе се говори, се разбира, од страна на предлагачите и јас како подржувач на амандманот, затоа што немав прилика да го потпишам, или да се потпишам на амандманот, верувам дека има потреба од објаснување.

Прво, ние немавме прилика да го дадеме нашиот придонес и нашето мислење во првата фаза и да придонесеме за подобрувањето и подготовка на Законот што ќе биде во функција на целта што треба да ја има овој закон.

Второ, што е позначајно, мислам дека доколку има поширока причина во однос на Предлог-законот во материјалот што го добивме од страна на Владата за целите и причините на адаптирањето на овој закон, мислам дека таа причина е во основата, токму оваа точка што ние фактички, со амандман сакаме да не биде. Тука фактички е по се изгледа, основата на прашањето за што мислам дека го поставивме пред јавноста и пред себе си, бидејќи станува збор за едно деликатно прашање да го образложиме и да го објасниме добро.

Според сите аргументации што ги има од страна на Владата и како што објасни колегата тука, и претходниот говорник кој што тоа го нагласи посебно и од позиција на поранешен премиер, Македонија имаше коректна соработка во согласност со меѓународните норми и Хашкиот трибунал, ништо не беше пречка и сеуште не е пречка да се реализира и да ги реализираме обврските што произлегуваат од самата соработка со овој суд, да го даде својот придонес во заокружувањето на овие прашања кои ги третира Хашкиот трибунал, да се создаде согласност во однос на правната основа. Знаеме дека ваквите судови имаат своја тежина, и тоа не мала, и ја одиграа својата голема улога. Мислам дека судот не е создаден само за земјите од поранешна Југославија, туку од документацијата се гледа дека е формиран 1992 - 1993 година од

Обединетите Нации и пред се ги третираше прашањата на геноцид во Руанда, Сиера Леоне и вод други земји и потоа за жал дојде да ги третира и предметите за воени злосторства на поранешните југословенски простори. Македонија, секако како што реков соработувала во овој правец и нема никаков недостаток, не се случило никакво недоразбирање поради немањето закон.

Затоа, другите аргументации кои се во правец дека со овој закон ќе се формализира или ќе се врами законски оваа соработка во функција на поефективни и поефикасни процедури, мислам дека не стои, затоа што и без овој закон не сме имале ниту една забелешка, како што имаат други земји кои имаат предмети во Хаг, поради немање закон за соработка. И сеуште нема, нема ниту сега ниту една пречка, ниту во однос на оние предмети што се подигнати во Хаг, затоа што Хаг оценува дека тие три четири предмети кои останаа недефинирани дека имаат повреда на меѓународното право и не може да протежира во овој правец, никој не се изјасни, ниту од нашата партија, ниту од другите партии, дека ќе има потреба, можност или храброст да рече дека нема да соработуваме или нема да соработуваме во однос на Законот со Хашкиот трибунал. Прашањата кои се таму фокусирани, секој е убеден и се убедува дека треба да се процесуираат во однос на статусот што го има Хашкиот трибунал. Останува сега кога таму нема основа за подигнување кривична постапка во односна четирите познати предмети, познати на јавноста, се предлага закон кој има голем број членови, а кој во основа на има само точка, значи точка 3 во членот 12 да создаде простор за соработка, за процесуирање на овие предмети и во судовите во Република Македонија. Сег доаѓаме во непријатна ситуација како пратеници, на неправеден начин да прејудицираме во нашиот судски систем како неспособен за процесуирање на овие предмети, што не мислам дека е коректно, секако, да прејудицираме можни ситуации односно овие предмети во иднина поради објективни или субјективни причини, немање капацитет итн., што е исто така прејудицирање и како секоја прејудикација има и доза на опасност, значи да влеземе во Хаг во однос на овие прејудикации на кои се обрќаме и тука да направиме повреда на основната спогодба врз која е изграден Охридскиот договор и идејата за помирување врз основа на правото за сите оние кои не направија воени злосторства или пак активности во рамките на конфликтот од двете страни, и од страна на поранешна ОНА, значи во однос на амнестијата и затоа беше донесен Законот за амнестија и сите оние кои не влегоа во овој контекст и не можат да се проголтат во однос на овој контингент, значи тие треба да одат во Хаг. Сега со еден поинаков став се создаде еден феномен, една намера која за мене има политичка позадина, една трета опција за оние прашања што Хаг не може да ги подигне или се уште не може да ги подигне соодветни процедури според својот статут, сега, тие да ги процесуираме овде, што е кршење на тогашниот договор.

Вие почитувани пратеници, господине министер и сите останати, и јавноста знае дека кршењето на спогодбите и договорите во оваа форма не се добар знак не само од политички аспект и од она што значи прејудикција, како што беше речено од некого, туку не служи на кредитивноста на државата и на самите органи кои се обврза во таа форма да ги процесуираат предметите и активностите што се случија во 2001 година, без оглед дали станува збор за воен конфликт итн., мислам дека сепак се разбираме добро.

Имајќи го предвид сето она што го кажа госпоѓа Јаневска, која што на коректен начин се обиде на коректен начин наративно да го опише тоа што се случи и чувствата со објективна доза во однос на тоа - тоа е мое мислење - и она што беше речено од господинот Бучкоски подоцна, мислам дека навистина ќе дојдеме до заклучок дека овој закон доколку целта ја има, а ја има, само за да се процесуираат оние предмети, спротивно на претходните спогодби не во Хаг туку тука, мислам дека не е добра работа и е непродуктивна работа според која ќе се оценуваме во иднина ние како држава и не претендираме да се заборави минатото, бидејќи доколку го презентираме, нема теорија а се случи тоа, но сепак како политичари ние сме одговорни минатото да го третираме на таков начин, дури и овој закон или ставот во однос на овие појави да ги канализираме во тој правец, навистина со минатото да не ја доведуваме во опасност иднината. Ако целта на овој закон не е да се дообјасни нашата заедничка иднина, мислам дека ќе биде грешка доколку се прифати законот без амандманот што ние го предложивме. Нашиот координатор на почеток кажа дека го поддржуваме законот во принцип, но имаме потреба да се формализира не на начин тоа да не доведе или од тоа да произлезат други работи и да даде дополнителен придонес во намалувањето на нивото на вербата, довербата, или на меѓусебното помирување во Република Македонија. Аргумент за ова е и фактот, се вели од технички аспект судовите и правните органи ги напрвија подготовките кои што се потребни за да можат да се носат со една ваква одговорност. Вие знаете дека затоа е прејудицирање и без реална основа, но имајќи го предвид искуството што го имаме, мислам дека можеме да кажеме какви судски одлуки донесоа во одредени моменти некои судии и некои судови, не судството во целина, кои беа во фунција на политизирање или рефлектирање на политиката, а особено во еден таков политички амбиент во кој се наоѓа за жал Македонија каде што политичките партии и оваа дебата ќе покажат дека и ова прашање без оглед дали е предлог на Владата, која се импонира за вакво разрешување во членот 12, е еден политички аспект кој се доживува од страна на граѓаните и ние сигурно ќе го браниме спротивното. Имаме свои аргументи за спротивното и тоа ќе се перцепира и доживува

од страна на граѓаните. Тоа мислам дека не придонесува за создавање меѓусебна доверба и надминување на овој праг, а уште помалку кога повисоките политички органи и институции со неколку активности, неколку дејствувања, некои политики што ги преземаа, сметајќи и на овој елемент, Не случајно сега нашите рејтинзи ги мериме врз основа на ова или она кој како стоеше, кој каков став имаше, кој опстојуваше на својата позиција и во однос на соочувањето врз етничка основа. Оваа клима која што се произведува од највисоките најодговорни личности во државата, тргнувајќи од премиерот и останатите, мислам дека е само еден аргумент дека процесуирањето на овие предмети натаму не може навистина да се доживува како правно процесуирање со правни аргументи, туку за жал ќе биде во функција на некоја си цел или идеја политичка, што секако не може да биде на добро или за добро на нашиот заеднички живот.

Затоа, мислам дека нашиот амандман, имајќи ги предвид сите овие аргументи и законот да помине без овој амандман, ќе биде само во функција на тоа што ние веруваме дека го правиме сите, во таа насока треба да работиме и повлекувањето на законот што беше како предлог не треба да биде невозможно и неприфатливо, затоа што не може да биде аргумент - дозволете ми почитуван претседателе и ова да го кажам - не може да биде аргумент дека фактот имаме или немаме закон за соработка со Хаг ќе арбитрира некој си статус или оценка во однос на нас од страна на меѓународните органи, позитивен или негативен, зависно од тоа дали имаме или немаме закон, а посебно повикувајќи се на фактот дека Босна или Србија има еден ваков закон.

Мислам дека и го споѓата Јаневска спомна дека ние имаме едно поинакво одење на ситуацијата пост конфликтот, имајќи ја предвид и формата на конфликтот, интензитетот итн., и дека можеби е бизарно, но ќе го кажам, но секако е вистина дека сите оние што имаат закони за соработка со Хаг немаат вистинска држава или ја немаат онаква каква што беше. Мислам дека не треба да го нарекуваме хендикеп немањето закон. Мислам дека ние треба да го прифатиме законот, но и да го исполниме овој услов онаков каков што е, не треба да имаме комплекс дека не сме имале закон и дека тоа е страшно. Не треба да биде никаков комплекс, но секако мислам дека законот треба да биде таков, треба да го исклучи, да го отстрани тој член за да се донесе такво нешто.

Затоа, би ги замолил парламентарците да го изгласаат амандманот предложен од нас, за кој што разговараме сега. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓата Весна Јаневска претпоставувам реплика имате. Вашите три минути, повелете.

**Весна Јаневска:** Благодарам.

Господине Положани, го ценам лично вашето излагање како коректно, освен вашето инсистирање во врска со четирите предмети. Морам да ве потсетам дека деновиве пред вашето враќање, пред враќањето на пратениците на ДУИ во Парламентот станув аше збор за јазикот, за правата на учесниците во конфликтот или вие тоа го нарекувавте “правата на борците од ОНА”, а во меѓувреме, пред само четири години оние од другата страна беа програмски криминализирани, оцрнети, им беа ускратени правата, што е пострашно, достоинството им беше нарушено на бранителите и лавовите. Јас само зборувам за сличната ситуација, за релативно кревката ситуација во која баш во овој момент се наоѓаме, еве, и за интерпелацијата која господин Бучковски ја спомна, пред значајните знаци кои ние треба да ги добиеме за НАТО.

Ако се избрише овој член, ќе остане дека во Хаг единствени криви - како го прима тоа македонската јавност сакам да ви кажам - Љубе Бошковски и Јохан Тарчуловски. Јас би била среќна да нема кривци, да нема луѓе кои во Македонија во оваа држава се нарушиле од меѓународното човеково право. Искрено и длабоко сакам да верувам дека такво нешто во Македонија не се случуваше, имаше вооружен конфликт и се случуваше нешто што се случува кога има вооручени конфликти. Ама ако ние кажеме дека во Македонија имаше етничко чистење или имаше нарушување на човековите права со масакрирање, угнетување, малтретирање, штетата е за сите нас. Но тој договор мора заеднички да го донесеме. Ова е моментот кога јас мислам, без оглед, помалку е важно дали треба сега или не. Она што треба да го кажеме во овој момент во однос на тој конфликт е поважно од тоа дали ќе го донесеме овој закон или не и дали ќе биде овој член. Ако овие луѓе во четирите предмети кои треба да се вратат во Македонија не направиле такво дело, тогаш подлежат под Законот за амнестија и дајте малку да се релаксираме од сето тоа, за да можеме навистина придобовките од Рамковниот договор заеднички да ги користиме, наместо и едните и другите да гледаме на Рамковниот договор како нешто од кое и едните и другие сме по малку оштетени. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Господин Азис Положани контра реплика од една минуата, повелете.

**Азис Положани:** Благодарам.

Сигурно дека треба да бидеме коректни и на некој начин внимателни поради чувствителноста на проблематиката, што е поврзано и со луѓе, семејства и др., но на тоа што реков стојам и мислам дека можеби има и недоразбирање од ваша страна дека кога би имало закон и елементи со кои би се осврнале и на тие други проблеми кои се сега како такви, зошто да не ги разгледуваме, па било да е и таа состојба на тие што се таму во Хаг и тоа е легитимно да се постави. Но кога цел на законот е само донесувањето на тие четири случаи тука, за кои веќе претходно е договорено, ако го извршиле

тоа дело таму ќе треба да одговараат и тие да ги оценуваат, мислам дека не е добро и не е коректно во овој момент. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега збор има господин Џеват Адеми, повелете.

**Џеват Адеми:** Ви благодарам господине претседател.

Почитувани присутни, почитувани колеги,

Треба да ја споделам мислата со сите претходни говорници дека моментот низ кои поминува Македонија развојот кој се случува во Македонија и во нашиот регион не се воопшто компатибилни со впечатокот кој се наметнува од страна на предлагачот на овој закон, а во конкретниот случај министерот за правда господинот Маневски и треба уште еднаш да нагласам и тоа гласно за причината и начелното право на парламентарната група на ДУИ и ПДП, со оваа наша интервенција или со овој наш амандман на овој закон поради многу причини. За среќа, од тоа што се слушна до сега во досегашната расправа во оваа парламентарна сала зборува за висок степен на одговорност на овој законодавен дом. Дискутантите независно од нивната партиска определба, независно од нивнаа етничка припадност ја искажаа загриженоста дека овој закон од страна на Владата и овој елемент, овој закон за соработка на Република Македонија со Хашкиот трибунал повеќе може да го оштети процесот во Македонија отколку да исполни некои од условите за кои не сум многу убеден дека постојат како услов на нашиот пат за имплементација на европските стандарди и обврските што ние треба да ги исполниме, наспроти барањата што Европа и ЕУ ги бара.

Што во суштина сакаме да постигнеме со овој наш амандман? Ќе ми гозволите работите да ги кажам со вистинското име.

Намерно или ненамерно, предлагачот, во овој случај Владата на Република Македонија, ја враќа Македонија во една реалност, за што судам дека никој не ја посакувал. Тоа е етничкото поларизирање. Слушнавме на транспарентен начин, без двосмисленост, дека албанските пратеници, опфаќајќи ги и од владината коалиција, го прифаќаат нашиот амандман, што значи бришење на членот 12 став 2, точка 3 од овој закон, со самиот факт што отворањето на оваа тема во пошироката јавност, создава впечаток дека овој парламентарен состав или ова парламентарно мнозинство или оваа владина коалиција сака да го укине Законот за амнестија.

Дозволете ми уште еднаш да ве потстам вас и целата јавност дека 2002 година, тогашниот парламентарен состав на Република Македонија манифестираше демократски капацитет. Во едно општество кое што, штотуку излезе од една конфликтна ситуација, едно постконгликтно општество, со сите инаети, со сите несогласувања, успеа да изгласа еден таков закон и да донесе еден акт што во суштина, сака да каже помирување. Помирување на двете страни од конфликтот, помирување на двете поголеми етнички заедници во Македонија и афирмирање на можноста за соживот, за европска перспектива во Македонија и ангажман на сите нас, да се заборави минатото. Сите заедно да сакаме тоа да не ни се повтори и да изградиме мостови на приближување.

А, што ни се случува денес? Со Предлогот на Владата, нам ни се отвораат раните од конфликтот во 2001 година. Сакаме да ги нарушиме тие мостови што со големи маки ги изградивме. Свесно или несвесно сакаме да се оддалечиме едни од други, да ја вратиме логиката на паралелно живеење и живот, да ја вратиме праксата на поделени општества.

Доколку една висока државна институција, како што е Парламентот на Република Македонија, пред пет години имаше доблест, граѓанска доблест и храброст, политичка свест и европска визија да затвори едно поглавје, секогаш признавајќи го правото, јурисдикцијата на Хашкиот Трибунал да процесуира со случаите што тој ќе оцени дека се во негова компетентност. Се задолжи да го почитува тоа.

А денес, што ни се случува? Во меѓувреме, Хашкиот Трибунал поведе постапка само за еден случај. Не ги отвори четирите случаи. Што значи, не оценува дека е во неговата јурисдикција процесуирање на овие четири случаеви.

А ние сега овде, со еден закон што звучи симпатично, официјализацијата на соработката на Република Македонија, на нашите институции со Хашкиот Трибунал, во овој закон, значи да се вгради членот 12, за отстапувањето на овие случаеви во органите на македонското правосудство. До колку во членот 1 од Законот за амнесија од 8 март 2002 година на точен и прецизен начи, во него се набројани категориите што се опфаќаат и категориите што не се опфаќаат, тогаш која е потребата на предлагачот, со посебен член и со посебно поглавје во овој закон да третира едно прашање што, во прв ред е политичко прашање?

Се залагам да ја разберам потребата на предлагачот, за да го заокружи ова прашање. Затоа што беше тема за која што нон стоп се зборуваше и во предизборните говори, јавувања, официјалните, на разни трибини, на многу службени лица, не само на Владата и партиски лица, но ефектот на сето ова е пораст на недовербата кај најголемата заедница во Македонија, втората заедница по големина во Македонија.

А второ, што се залагам да го разберам предлагачот, релативизирањето на чувството на жртвата кај македонската заедница, дека не се само нашите сограѓани тие, ќе одговараат за она што ни се случи во 2001 година, но ние, како држава, нашите институции, со наши инструменти ќе ја казниме и другата страна. Значи, ова е прејудикација. Ова е проследување на погрешна претстава до граѓаните. Бидејќи ова може да ни се манифестира негативно. Имаме,

ан блок одвивање од албанските пратеници, молк на поголем број на македонски пратеници и манифестација на загриженост дека во моментов, многу деликатен за европската перспектива на Македонија, ова прашање само ќе го оштети имоџот на нашата држава во очите на Европската Унија, на НАТО.

Кое е чувството што се создава кај албанскиот граѓанин? Тоа е дека Владата или државата, државните институции имаат селективен ангажман. Се интересираат за многу оспоруваните четири случаеви, а во ниту една постапка не манифестирале загриженост, за судбината на шесте исчезнати Албанци. И тие имаат свои семејства. Ние ја споделуваме нивната болка, нивната загриженост, додека надлежните органи не преземаат ништо. Најмалку, да се комуницира со семејствата на овие лица, најмалку да се манифестира чувство дека ја споделуваме болката. А ова, не е добра порака. Ова не зрачи добро. Не се одразува добро во општата политичка клима во Република Македонија.

Ние сме ставени пред свршен чин. Законот е во постапка, во втора последна фаза. Се плашам дека може да се случи најлошото, со технички бројки и математички да се изгласа овој закон. Ние да добиеме голем автогол.

Кои се патиштата за излез од оваа состојба?

Прво, да се поддржи амандманот на ДУИ и ПДП и сите заедно да го изгласаме овој закон, до колку е толку потребен, до колку е толку големо барање. До колку е толку посакувано во нашето заедничко патување за нашето пристапување во НАТО и отпочнувањето, односно да го добиеме датумот за отпочнување на разговорите за членство во ЕУ.

Второ, ако немаме смелост да го направиме ова, второто е предлагачот да го повлече овој закон. Бидејќи нашата убеденост е дека не е нешто без кое Македонија не може да живее. Не е нешто што е услов. Не е нешто што ни пречи. Нешто што претставува пречка.

Посакувам, аргументите што ние ги искажавме на оваа пленарна седница, најнапред да стастаат до пратениците од парламентарното мнозинство, да допрат во нив, па во чинот на гласањето за нашиот амандман, да не поддржат, да го прифатат амандманот, бидејќи во тој случај може да се случи, во спротивност да испратиме лоша порака во овој момент, лоша порака од Парламентот дека имаме поделба врз основа на етничките начела. Од една страна сите Албанци, а да не даде Господ, мнозинството македонски пратеници од друга страна. Нешто што не го посакувам.

До колку ова не се случи, до колку немаме поддршка, ние, со нашата постапка, стратешка постапка во прилог на државните интереси на Македонија, тогаш предлагачот има посеебна можност да го повлече овој закон. Посакувам да се случи една од овие две работи. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Јагнула Куновска, реплика три минути, господин Рамадани Агим исто реплика три минути. Ќе одиме по тој редослед.

Госпоѓо Куновска, вашите три минути, повелете.

**Јагнула Куновска:** Почиувани колеги пратеници, почитуван претседател на Собранието, почитуван министре,

Денеска, навистина имаме една чувствителна тема, макар што навидум имаме еден закон за Хаг, за сорботка со Хаг за што треба да мислиме дека треба безболно да помине.

Ги слушнавме колегите пратеници од ДУИ и ПДП. Јас ги разбирам нив. Кога јас би била Албанка денеска во овој Парламент, можеби, велам јас можеби би зборувала нешто слично како нив.

Го слушам нивниот апел, да го прифатиме нивниот амандман. И, би сакала да им кажам, нека повелат тие нека бидат Македонец во овој Парламент и нека станат во одбрана на амандманот, со тоа што ќе го прифатат амандманот. Понатаму, во таа смисла не сакам да дискутирам.

Но, само ќе кажам, ако постојат поларизирани односи, меѓуетнички, меѓу нас и во овој Парламент постои опасност тие да се разбуктаат, јас мислам дека работите не треба да ги препокриваме. Сега онаа поларизираност од било кои побуди, дали како резултат, последица од 2001 година или некои што се јавуваат сега, тие мора да ги расчистиме. Не може ние, парламентарците тука да се гледаме како Албанци и Македонци. Ние треба да се гледаме како луѓе кои поседуваме чувства, поседуваме разум и сите работи кои сме ги правеле треба да ги правиме и во иднина, треба да бидат под диктат токму на разумот. А, се разбира, водени и од чувствата. Затоа треба да имаме разбирање едните за другите.

Конкретно мислам, колегите треба да прифатат дека овој закон за зоработка во Хат, дали порано или подоцна, сега ако е доцна како што велат, но време е да се донесе. Факт е дека нам четири предмети ни се враќаат од Хаг. Што да правиме ние? За нив да не разговараме? Ако е донесен Закон за амнестија и ако во тој закон се опфатени тие луѓе по име и презиме кои нам ни се познати, сигурно нема тие да бидат судени во Македонија. Но, дозволете предметите по законски ред да се вратат, како што рече еден од дискутантите, дека веќе ние соработуваме со Хаг. Да, ние соработуваме, но мораме да имаме закон. Ако тие предмети Хаг рекол ќе ги враќа. ние не треба да премолчиме. Ние мора да имаме правен тек за враќање на предметите и работа со нив. Законот за амнестија не треба паралелно со Законот за соработка со Хаг да го гледаме, ниту да сметаме дека законот за соработка со Хаг има пречки поради Законот за амнестија и обратно.

Затоа апелирам кон сите пратеници, и Албанци и Македонци, отворено, со отворени очи работите да ги гледаме и да го донесеме законот за

соработка со Хаг. Ако тие предмети треба, дополнително ќе бидат вратени, ќе дискутираме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Џеват Адеми, претпоставувам контра реплика, вашата минута, повелете.

**Џеват Адеми:** Ќе бидам сосема краток.

За големи одлуки потребна е храброст. Токму тоа и сакаме да го постигнеме. Токму заради тоа и се обраќаме до колегите пратеници Македонци. Затоа што чувствата кај Албанците се повредени, токму со вметнување на оваа одредба во овој закон.

Кај нас, Албанците има една поговорка “сакајќи да поправиш веѓи, ги ваѓаш очите”. Ние сакаме тоа да не се случи. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас

За реплика се пријавил господин Агим Рамадани, вашите три минути господине Рамадани, повелете.

**Агим Рамдани:** Благодарам господине претседател.

Почитувани пратеници,

За почеток, ги користам овие три минути да направам една корекција на господинот Џеват Адеми, една исправка кога дискутираше во општа форма. Ја искористи дискусијата на господинот Догани, во однос на тоа што го кажа Догани дека постои еден ваков закон, што беше јасен. Значи партијата има храброст и кажува онака како што треба и на прав начин.

Но, вашиот говор господине требаше да се слушне пред три или четири години, кога ние како ДПА и лично јас, сега како пратеник, а тогаш како активист на ДПА бевме обвинети дека во затвор држиме еден човек кој, за жал, 13 месеци беше во затвор, додека не дојдовме ние на власт. Тогаш донесовме аргументи со што се покажа дека тој неправедно седи во затвор.

Навистина, многу ми е жал кога вашиот тогашен пратеник Абдулаќим Адеми, тој никогаш ништо не кажа во однос на тоа дека човекот седи неправедно во затвор и не реагираше така како што вие денеска дискутиравте. Тогаш требавте да дискутирате, затоа што човекот навистина, без никаква причина 13 месеци одлежа во затвор.

Значи, секогаш ДПА има храброст да ја каже вистината и не прави дискриминација врз национален, религиозен начин и воопшто луѓето не ги дели, не вели дека некој некого држел во затвор и никогаш нема да рече дека мораме да бидеме јасни, а заменик претседателот на Парламентот беше многу прецизен кога кажа што мисли за предметите што треба да се преотстапат и вратат во Македонија. Многу јасен беше дека оваа бројка треба да се зголеми, треба да се отворат сите нешта, сите неправди да се отстранат. Но, од се најдобро е да не се отвораат раните, како што рече и господинот Бесим Догани.

Затоа што ова општество е навистина чувствително, се обидува да влезе во евроатлантските структури, поради што сите закони треба да бидат во согласност со оваа структура и во согласност со оваа организација.

И на крајот, овој закон ќе биде поддржан од ДПА, но со некои исправки, корекции што беа многу транспарентни. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Адеми повелете, вашата минута.

**Џеват Адеми:** Не е доволно да говориш со ист јазик и да се разбереш.

Со задоволство констатирав дека парламентарната група на ДПА го поддржува амандманот поднесен од страна на ДУИ и ПДП.

Прашањето е конкретно и јасно, нашиот амандман е транспарентен. Сите претходни говорници од нашата парламентарна група, не еднаш, нагласија дека го поддржуваме и ние законот, ако е нешто што е неопходно кон нашето пристапување кон Европа. Истовремено, искажуваме задоволство дека нашата иницијатива ја поддржува и ДПА. Се трудам да го разберам Рамадани, што тој не разбрал од она што јас го кажав. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Блерим Беџети, повелете.

**Блерим Беџети:** Благодарам господине претседателе.

На самиот почеток ќе кажам дека сите претходни говорници рекоа дека зборуваме за прашање кое е многу сериозно во однос и на граѓаните на Република Македонија, но во реалност не ми изгледа така, од пристапот што го имаат колегите од мнозинството, со самото нивно неприсуство во салата на Собранието, за да образложат и да не убедат зошто треба да се донесе овој закон, како што ние се обидуваме да ве убедиме вас и поширокata јавност зошто на овој Предлог закон треба да има измени.

Почитуван господине Маневски, мислам дека е во ред, барем најмалку вие како предлагач на овој Предлог закон, уште еднаш да ни образложите, бидејки на самиот почеток не не убедивте, но сум убеден дека и вие самите не сте убедени дека треба да се прифати овој Предлог закон, затоа би било добро и самиот себе си и нас да не убдите зошто треба да оди со или без овие промени.

По една одлична соработка на двете влади, во периодот по војната во Република Македонија, доаѓаме во ситуација на етничка поларизација, што не е добро затоа што Господ ја создал Македонија таква каква што е да има Македонци, Турци, Албанци. Но, оваа реалност на многу човечки начин треба да се прифати како таква.

Јас на почетокот ќе кажам, до колку намерата е со овој закон да се сублимираат неколку делови од Законот за амнестија, е голема грешка, навистина голема греќка од страна на предлагачот на овој Предлог закон. Секако при предлагањето на овој Предлог закон за соработка со Хашкиот трибунал требаше пред себе да го има и Законот за амнестија, во

времето на подготвувањето на законот, бидејки ќе биде голем неуспех за самата земја. Мислам дека за еден ваков неуспех не е заинтересиран ни господинот Маневски кој навистина преземал погрешен чекор, како минситер за правда, во рамките на Владата, што на Владата и предложил дека овој е најдобар закон и тој треба да биде поддржан и од парламентарното мнозинство и да биде прифатен.

Со еден ваков пристап, со сублимација на некои членови на Законот за амнестија, ќе се направи кршење на постоечкиот Закон и на правдата во Република Македонија, иако имало и одредени забелешки во однос на имплементацијата на Законот од страна на граѓаните, пбез разлика на етникумите на кои им припаѓаат, а овие реакции беа и јавни во однос на протести. Како и да е, во однос на имплементацијата на Законот за амнестија, имаше големи забелешки. Кога се предлага еден ваков Предлог закон каде не се разбира дали е Предлог закон за соработка со Обвинителстовто или со Хаќкиот суд. По конкретно во член 12 кој е најспорен, до колку целта е да се каже дека некој се ангажира да се вратат овие 4 предмети, тогаш сте се обиделе, односно некој од претходните говорници спомна дека ние треба да имаме закон за соработка со Хашкиот трибунал, тогаш јас ја поставувам дилемата како сте соработувале и како како држава сте имале одлична соработка со Хашкиот трибунал до сега.

Не држи тоа дека нас ни треба во забрзана процедура да донесеме еден ваков закон.

Овој закон, го кажа тоа и господинот Положани, за жал дојде како резултат на конфликтот. Хронологијата на настаните: на вооружениот судир во 2001 година.

При донесувањето на Законот за амнестија имаше многу дебати и поделба на мислењето дали треба да имаме закон или со една декалрација за амнестирање, од тогашниот претседател Трајковски и на крајот, по се изгледа дека надвладеа оправданоста, здравиот резон политички и тоа беше санкционирано со Закон, за да нема поинакви проблеми во однос на политички или етнички освети на непосредните страни вклучени во конфликтот.

Никој во Република Македонија не констатира кој е виновникот за да одговара во согласност со оовј закон и кој треба да одговара во Хаг. Овие надлежности се определени и сите го прифаќаме тоа како такво, соработувавме и добро е да соработуваме со Хашкиот трибунал.

Сега ќе кажам и нешто друго кое можеби не е во согласност, или можеби не треба воопшто да дебатираме за тоа.

До колку, како предлагач, апсолутно сте во право, господине Маневски, мислам дека не е во ред да се предложи ваков Предлог закон поради правичното информирање на јавноста. Во оваа форма во која е напишан овој закон, не треба да се донесе, зборувам хипотетички.

Вие господине Маневски сте на чело на Минситерството за правда и најдобро од сите знаете во каква состојба се судовите во Република Македонија. Секој министер кој претендира да биде успешен, во еден период кога има некомплетиран Републички судски совет со месеци, а тоа го имаме како услов за нашето чекорење кон Евроатланските структури, а не законот кој вие го предлагате. Вие, јас и голем број колеги добро знаеме кои се надлежностите и улогата на Републички судски совет. Со еден Републички судски совет кој не е комплетен, а уште еднаш ќе кажам, го имаме како услов за реформи во судството, тоа докажува за капацитетот кој треба да го изградиме, а го немаме во нашето судство во Република Македонија. Има проблеми и во Обвинителството, па како во сите овие работи тече мед и млеко и ајде сега да донесеме еден оспорен Предлог закон врз етнички основи.

За жал, ќе кажам уште еднаш, Господ ја создаде Македонија таква каква што е, да има повеќе етникуми, а основа на овој Предлог закон е едно, навистина лошо минато кога имавме мајоризација.

Дали е политички или правен сенс да се дојде до еден оспорен член, заеднички и без никакви, да речеме, судири, без медиумски притисок или притисок од јавноста, со две минути работа, еден предложен амандман и да имаме усогласеност, но за жал само врз етничка основа, а во случајот станува збор за албанската заедница. Јас сумдлабоко убеден дека не е интерес на етникумот, на етничката заедница која е мнозинство во Република Македонија и целосно на Македонците, да имаме надгласување за чувствителни прашања за Албанците, кои во самиот старт остро го одбива Албанската заедница, во однос еден ваков Предлог закон. Секој политичар и професионалец кој има малку сенс, многу е човечно, не е срамно да се повлече и да прифати еден предложен амандман, ваков каков што е.

До колку предлагачот мисли дека во ова време, без друго мораме да имаме еден закон за соработка со Хашкиот трибунал, согласно со реалноста која постои во земјата и во согласност со политичката волја на претставниците на политичките албански партии за да ја избегне мајоризацијата, надгласувањето, а пред Уставнит епромени немавме двојно гласање и како резултат на тоа што секогаш имаше надгласување, а знаеме господине Маневски која е улогата на тоа двојно гласање, за да не надгласате, бидејки со тоа ништо нема да добиете.

Не сакам од овде, од парламентарната говорница да навлегувам во детали во однос на капацитетите на судовите на Република Македонија, бидјеки тие се наши судови. Затоа ме интересира, ја користам оваа прилика, јавно да го прашам и да ми одговори можеби мене лично, господинот Маневски, дали судството, Обвинителството каде што го имаме сите тие

проблеми, мислам дека има проблеми и во Јавното обвинителство, со Републички судски совет кој не е комплетиран, со голем број на други елементи и т.н. Не ми е целта судството или Обвинителството да ги ставам на црна клупа. Не. Но, прашувам дали, така како што сте го предложиле овој Предлог закон, дали постојат капацитети да се започне со имплементирање на овој закон. Наместо да правите напори да го комплетирате Републички судски совет, а таму не покажавте никаков сенс и сеуште го ставате без кредибилитет или со полу кредибилитет, говорам за Републички судски совет. Јас не знам како добивте храброст, по вчерашниот ден, да дојдете и дадете еден ваков Предлог закон, таков каков што го имаме сега.

Мислам дека за време на паузата ќе имаме време и колегите од парламентарното мнозинство и од опозицијата, преку координаторите или поконкретно преку амандманот предложен од наша страна, да се изнајде начин или да се покаже обострана волја, бидејки до колку ние ги претставуваме граѓаните во ред е да се изнајде една двострана или повеќестрана волја и желба за да се подржи овој амандман бидејки пред се тоа би било од корист за земјата, би имале многу подобар закон и нема да имаме никакви проблеми и оспорувања. До колку Предлог закон беше малку поинаков, мислам дека немаше да имаме ваква ситуација.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине министре имате збор.

**Михајло Маневски:** Господине претседателе, мислам дека пратеникот ми даде шанса да одговорам на некои прашања кои ги покрена.

Првото прашање беше дали судовите имаат капацитет за имплементација на ваков закон.

Јас веќе напомнав во воведното излагање по амандманот и во образлагањето на амандманот дека веќе, не една недела, како што господинот Алити изнесе во неговата дискусија, туку веќе 8 нмесеци се спроведува една конкретна програма, едукација на судии и јавни обвинители, истражни судии, почнувајки уште од месец октомври или ноември 2006 година и денес, која програма континуирано се спроведува со целосна материјална поддршка на  организацијата ОБСЕ и другите меѓународни организации. Значи, со оглед на тоа што се дојде до сознание дека судовите треба да имаат доградба во врска со примената на Меѓународното хуманитарно право и треба да се обучат кадрите во судовите за да можат со успех да одговорат на прашањата кои може да им бидат поставени. Секако  дека сите подготовки што се превземаат, се превземаат неколку месеци, а не една недела. Три групи на судии веќе ги поминаа тие обуки. Тие обуки, реков се одвиваат континуирано, а ќе се одвиваат така како е програмирано и тоа чини, значителни материјални средства ги издвојуваат овие организации.

Второ, она што беше кажано во досегашните дискусии и во дискусијата на пратеникот што тој замерува што не е конституиран Републички судски совет. Мислам дека одговорот на тоа прашање може да го најде кај нив вчера кога требаше да се даде поддршка на предложените кандидати, а таа поддршка не се даде од нивната пратеничка група на која и тој самиот и припаѓа. Мислам дека некои работи не треба да се изнесуваат така, туку да се има еден реален однос и треба да се гледаат во една вистинска суштина. Јас не се впуштам во тоа зошто така се произнеле, меѓутоа, сепак би молел кога ќе се префрла на други дека тоа што е сторено не е сторено во согласност со определени стандарди, мислам дека треба да се погледнат и сопствените однесувања во конкретниот случај. На крајот на краиштата мислам дека и пратеникот, и другите пратеници, мислам дека никој не ја оспори потребата од донесување на овој закон. Впрочем таа потреба ја утврди и Собранието на седницата што се одржа.

Сходно во законот се овие 3-4 члена, овие два амандмани што се поднесени и друго ништо од законот не е спорно. Законот сака да уреди правила на однесување, кога ќе се вратат предметите. Прво во Хаг нема 4 предмети, туку во Хаг има 5 предмети. Значи кога ќе се вратат предметите во каква фаза ќе се вратат, со каков заклучок ќе се вратат предметите. Тоа не е прашање на државата Република Македонија, туку тоа е прашање на Хашкиот трибунал и на главниот обвинител на Хашкиот трибунал, затоа што согланасо Законот и согласно Статутот на Хашкиот трибунал, правото на Статутот на Хашкиот трибунал и правилото на Хашкиот трибунал имаат предност пред домашното законодавство. Значи ако Хашкиот трибунал, согласно заклучокот како и кои предмети ќе ги врати, сето тоа треба да се има предвид. Би било далеку понеповолно ако нема одредена процедура за уредувањето на овие прашања кои се уредуваат со законот. Мислам дека тоа што го кажа и пратеникот Положани кога кажа со минатото да не се доведува воопасност иднината, токму овој закон ја има таа цел да не ја доведе во опасност иднината поради минатото. Меѓутоа, секако, кога се говори и се поставија повеќе прашања за исчезнати лица, исчезнаа и албанци исчезнаа и македонци. Сигурно, сите прашања, независно од тоа од каква националност се лицата заслужуваат да се даде одговор на прашањето што е со тие лица. Секако дека надлежните органи работат и ќе одговорат на тие прашања што е со тие лица што исчезнаа и од едната и од другата националнсот, бидејки ако сега се спомнуваат 6 лица од албанска националност кои исчезнаа, а како да не се има предвид дека исчезнаа двојно повеќе македонци .

И сега сосема на крајот сакам да кажам дека навистина овој закон, како што беше искажано, еве и господинот Бучковски  наведе дека во овој закон треба да има 304 члена и во рок од 30 дена да се вратат предметите и т.н. Општо правило е и во правилата на Хашкиот трибунал, презумцијата на невиност. Според тоа очигледно

е дека согласно заклучоците со кои ќе бидат вратени предметите, така и ќе псотапуваат сите органи во Република Македонија. Меѓутоа тие 6 предмети се наоѓаат, од кои еден е во фаза на судење, 4-те предмети не знаеме во која фаза се, дали се во нарпедната фаза, дали се во фаза на завршена истрага, во фаза на подготовка на одредени дејствија и т.н. Значи тие кога ќе бидат вратени во таа фаза во која се наоѓаат, на надлежните органи во Република Македонија,а тие органи согласно правилата ќе постапат на начин, ако има елементи на казнена одговорност, ќе покренат постапка. Ако нема елементи на одговорност, ќе ја прекинат постапката, ќе ја отфрлат пријавата и т.н. Тоа се тие правила. Овој закон токму гарантира начин на однесување во врска со сите предмети што се наоѓаат таму и во врска ос постапувањето на судовите во Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

Сега имаме реплики, имаме јавени за збор, но со тоа ќе продолжиме во истиот момент по паузата, во 15,00 часот.

(Пауза до 15,00 часот)

(Седницата продолжи со работа во 15,15 часот)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да ги завземат своите места, продолжуваме со седницата.

Господине Беџети, вие бевте за реплика, повелете.

**Блерим Беџети:** Во вашиот говор, господине Маневски потврдивте дека во делот на Републичкиот судски совет, вие и парламентарното мнозинство за ова многу значајно прашање за земјата, не покажавте сенс да го менаџирате и да се комплетира овој многу значаен орган во судството. За да потврдам дека е тоа токму така, беше и се надмина и една многу поголема политичка криза, при што има повеќемесечни разговори и се постигна еден политички договор, а вие не направивте ништо како министер за правда, непреземавте никаква иницијатива, поздрава, за да се постигне некој компромис за цел да се комплетира Републичкиот судски совет или пак така вас ви одговара да биде некомплетен. Тоа останува ваше прашање зошто не го направивте, а одговорноста не е наша. Вие не седнавте со нас да разговарате зошто треба да биде така.

Уште еднаш ќе ви кажам дека вие воопшто не одговоривте дали сте свесни дека го суплимирате Законот за амнестија, кој што се уште е во сила, тој не е вон сила. Со овој Предлог-закон на некој начин се прави односно се става во сила Законот за амнестија.

На крајот на краиштата најголем кребилитет има, а и комплетно е надлежен Хашкиот трибунал за сите страни кои што се во конфликтот. Овде не станува збор намерата или пак интересот на Македонија на некој начин потврдува дека ние можеме, а Хашкиот трибунал не може.

**Бесим Догани:** Има збор господинот Рафис Алити, повелете.

Реплика има господинот Хани, повелете.

Затоа, се извинувам, Тахир Хани има реплика од три минути, повелете.

**Тахир Хани:** Ви благодарам.

Јас сакам да говорам само од аспект на објаснувањето на тоа дека неколку пати овде се нагласи дека Република Македонија има обучувано неколку месеци судиите и јавните обвинители, така што ги има исполнето предусловите за да може да ги преземе предметите кои ќе се отстапат од Хашкиот суд.

Ова, јас мислам дека не е значајно дали се обучија судиите неколку месеци, туку значајно е овој Закон за соработка со Хашкиот трибунал е во судир со еден закон кој е донесен во овој Парламент. Значи, ние не сме против тоа да се обучуваат судиите и обвинителите за да се исполнат предусловите, но ние сакаме во актуелниот закон, во овој закон да се нагласи на дециден начин дека Законот за амнестија е во сила и сите постапки кои се поврзани со конфликтот од 2001 година, не се составен дел на овој Предлог-закон. Не е значајно дали се обучуваат, се подготвени, мора да се процесуираат предметите во однос на кршењето на меѓународните хуманитарни права, туку е во прашање е Законот треба да се усогласи со Законот кој сме го донеле во овој Палрмент. Се работи за Законот за амнестија. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Хани.

Господине Рафис Алити имате збор, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Јас навистина очекував претставникот на Владата кој е присутен денеска тука да ни понуди правни аргументи, но такво нешто не се случи и нема да се случи, затоа што сигурно и нему му е јасно дека правни аргументи за донесување на овој закон на ваков начин како што е предложен во Собранието, нема. Значи, нема како што реков, дека претходнит говорници се повикуваат на член 1 на Законот за амнестија и јасно се гледа дека изготвувачите на овој закон свесно одат кон тоа да направат абригација на член 1 на Законот за амнестија. И, кога се прави вакво нешто со политичка заднина, тогаш аргументот е многу јасен и тие аргументи не важат. Многу е јасно дека на ваков начин тие што го изготвија Предлогот на овој закон, би рекол, на мала врата, не велам на мала врата, туку е многу јасно и многу е очигледно дека со тоа се обидува на селективен начин да се пристапи кон случаите и во иднина кои ќе се однесуваат со 2001 година.

Од претходните говорници беше спомнато во однос на ставање на сол на рани, со што делумно се согласувам, затоа што во овој случај се случува вакво нешто, велам делумно, затоа што сол е ставена на рани, но некогаш чиста сол кога немало други медикаменти, значи во овој случај се става сол со полтичка заднина, отворените рани да се отворат уште повеќе, да

бидат поголеми. Така што, мислам дека не е интерес ниту на Собранието, ниту на граѓаните на Република Македонија. Во овој момент да имаме едно вакво политичко дејствување да се донесе или да се понуди закон, кој што според мене е непотребен. Голем број на претходни говорници рекоа дека ние сме имале, имаме, извонредна соработка со Хашкиот трибунал и натаму треба да имаме една ваква соработка.

За мене се поставува една дилема, многу голема дилема или пак едно прашање до претставникот на Владата. Со ова што се прави аблигација на член 1 од Законот за амнестија, дали значи со враќањето на 4-те предмети во Република Македонија, нашите судови ќе бидат покомпетенти, понадлежни од Хашкиот трибунал и да донесат една поинаква одлука во однос на тоа што донесе Хашкиот трибунал. Затоа што, оценка на Хашкиот трибунал беше дека овие 4 предмети не се однесуваат со дела против човештвото, така што доколку некој мисли дека ние имаме поподготвен кадар и сме многу покомпетентни, тогаш мислам дека нешто не е во ред со нас самите тука. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Алити.

Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, би ги повикал пратениците кои се надвор од салата, да влезат во салата.

Ги повикувам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Амандмаот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 59 пратеници, од кои за гласаа 13, тројца гласаа воздржано и против 43.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 17 за менување на став 3 поднесен од пратениците Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Цветанка Иванова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине потпретседателе,

Амандманот на член 17 став 3 сепак практично значи појаснување на она што веќе е предложено во членот 17 став 3 од страна на Владата на Република Македонија, заради појаснување на два нови збора, Владата го прифаќа овој амандман.

**Бесим Догани:** Значи, Владата го прифаќа амандманот и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на Глава 5 и членовите 25, 26, 27 и 28 поднесен од поднесен од пратениците Аднан Јашари,Рафис Алити, Зумрете Јакупи, Агрон Буџаку, Тахир Рами,Џеват Адеми, Садула Дураку, Ајше Селмани, Селвија Салиу, Сафет Несири и Блерим Беџети.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине потпретседателе.

Владата не го прифаќа овој амандман бидејќи за овие амандмани е водена расправа по претходните амандмани, по точката 3 член 12.

**Бесим Догани:** Владата него прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 63 пратеника. За гласаа 18, 2 воздржано и против 43.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот н а член 39 за додавање нов став 3 по ставот 2 поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Јани Макрадули, Оливер Спасовски, Борис Кондарко и Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Благодарам потпретседателе.

По завршувањето на првата фаза пред отприлика две недели, значи откако беше утврден предлогот за донесување на закон еве имаме можност законот да го разгледуваме во втора фаза и за жал тоа што тогаш јас го кажав во мојата дискусија, посебено во изјаснување на еден став на министерот го потврдува моето сомневање дека сите укажувања, сите објаснувања и потреба за измена на текстот на законот на кои укажувавме во текот на првата постапка не се остварени со исклучок на претходно уважениот амандман од страна на министерот кога јас кажав дека е добро во втората фаза да се внимава во текстот на законот да се вгради еднаква обврска и за соработка со одбраната на обвинетите и со обвинителството на Хашкиот трибунал. Тоа е единствената измена што во целиот текст на законот е направена. Значи, целиот текст на законот што го добивме во прва фаза, го добиваме и сега само со едно појаснување кое што не беше соодветно, па дури произлегуваше

од тој текст обврска како да треба да соработува бранителот со обвинетиот, а не дека имаат еднаков третман, меѓутоа, добро е што министерот за правда што сепак по амандман поднесен од пратеници од опозицијата овозможи во Законот да се внесе одредба која овозможува еднаков третман и на одбраната на обвинетите пред Хашкиот трибунал и на обвинителот на Хашкиот трибунал.

Значи, тоа е единствената работа која што значи измена на текстот на законот и сега остануваме во иста состојба во која што се наоѓаме и во првата фаза. Исти причини, потреба за донесување на законот, исто образложение, исти членови, а повторно ќе укажам дека овој закон некаде од прилика во 90% од одредбите нема да биде применлив бидејќи се однесува на прашања кои веќе во пракса не можат да се појават со оглед на ограниченото траење и работа на Хашкиот трибунал, со оглед на тоа што заклучно со декември 2004 година истече рокот за поднесување нови обвиненија.

Јас нема да ги читам повторно одредбите од Законот за да укажам што се е пропишано во Законот, меѓутоа не знам навистина на кого му се потребни тие одредби кога во пракса нема да имаат никаква примена. Повторно ќе укажам на единствената причина која што можеби Владата во моментот ја мотивира да го поднесе овој закон за да каже пред македонската јавност дека донесовме закон за соработка со Хашкиот трибунал. Овој закон не значи ништо во однос на сегашната позиција што Република Македонија ја има наспроти Хашкиот трибунал.

Како резултат на соработката со Хашкиот трибунал од страна на органите на Република Македонија, која беше една и од причините што беше ценета при стекнувањето на кандидатски статус Република Македонија стекна кандидатски статус за членство во ЕУ.

Законот за соработка со Хашкиот трибунал ниту еднаш, ќе повторам, ниту еднаш досега не бил поставен на Република Македонија, како услов и навистина не гледам друга причина за носење на овој закон освен создавање, всушност и не е создавање, таа медиумска кампања одамна е почната на Владата, создавање впечаток кај јавноста дека се прави нешто за Љубе Бошковски и Јохан Тарчуловски.

Почитувани колеги и тие што сте го прочитале и колегите што не го прочитале текстот на законот внимателно треба сите да знаат, а ова треба да го знае и македонската јавност дека овој закон не значи ништо во однос на обвинетите Љубе Бошковски и Тарчуловски, за кои Република Македонија треба да се грижи како за свои државјани. Тоа што во однос на нив се правеше во изминатиот период беше врз основа на одлуки на Владата, целокупната помош која што се даваше и со непостоење на Закон врз основа на одлуки кои ги  носеше претходната Влада на Република Македонија.

Меѓутоа, во Македонија, пред македонската јавност се зодава впечаток дека овој закон е потребен, или бил потребен и порано, меѓутоа сега е неопходен заради враќањето на четирите предмети за кои Хашкото обвинителство одлучи да ги врати во Македонија. Мислам дека и таа причина не држи и дека враќањето на предметите воопшто не е условено со доенсувањето на ваков закон.

Република Македонија како членка на ОН, и досега имаше обврска да соработува со Хашкиот суд, со Хашкото обвинителство согласно статутот, согласно правилникот за постапката и доказите на трибуналот и истовремено да внимава и за еднаков третман на обвинителството и за правата на обвинетите. Тоа, барем во изминатиот период се правеше на соодветен начин кој значеше и пофалба, што на крајот резултира покрај многуте други реформски процеси што ги правеше Владата со стекнување кандидатски статус.

Меѓутоа, едно со што можам да се согласам дека ако веќе во оваа фаза Владата толку цврсто смета дека своето време не треба да го троши за други прашања, туку треба да го троши за изготвување на закон за соработка со Хашкиот трибунал единствената причина или единствената норма која што во пракса би имала примена се прашањата поврзани со враќањето на четирите предмети, но и во расправата во првата фаза министерот кажа дека нема да се интервенира по предлозите на опозицијата ако има предвидување на враќање да има точно конкртизирани рокови по кои ќе се вратат овие четири предмети. Значи, повторно се доведуваме до заклучокот дека Законот се носи само колку да кажеме дека се носи закон.

Единствената материја што во пракса би можела да има примена, а тоа е предвидување на рокови во кои ќе се вратат четирите предмети почнувајќи од член 25, 26 и 27, апсолутно ќе остане односно ќе значи можност за невраќање на предметите, што за жал мислам дека ќе биде најлошата ситуација.

Значи, ќе имаме можност да кажеме дека донесовме закон, меѓутоа, тој закон во пракса нема да значи ништо за Република Македонија. За да не се случи тоа, амандманот што го поднесовме со колегите гласи “четирите предмети за кои обвинителот на Хашкиот трибунал одлучи да ги врати на натамошно постапување на надлежните државни органи на Република Македонија, Република Македонија, ќе ги прими во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон. Значи, ако има потреба да се носи закон и ако потрошиме нашето време тогаш да создадеме некакви правни норми кои во пракса ќе имаат примена и ќе дадат некој резултат. Но, еве Владата покажува дека тоа апсолутно не е важно и дека овој закон постојано го користи само како изговор само да го пролонгира процесот на враќање на предметите. Едноставно констатира дека ќе си најде изговор наместо постапката за враќањето

на прдметите, која што треба на ниво на разговори да се закаже средба во септември месец помеѓу претставници на обвинителството од Хаг и обвинителството од Република Македонија беше пролонгирано за да на почетокот на оваа година да ни биде кажано дека Владата ќе носи закон и дека тој закон ќе се донесе до јули месец, предметите ќе се вратат најдоцна до март месец, па потоа до јуни и на крајот да не се дефинира рок во кој што ќе се вратат предметите. За сето време се создава претстава пред македонската јавност дека услов за враќањето е донесување на закон. Меѓутоа овој закон ако беше навистина услов Владата зошто чекаше да го носи толку време. Сега сме јуни месец 2007 година, значи девет месеци откако функционира оваа Влада. Значи, зад ова се крие сосема нешто друго, тоа што јас го споменав, да се создаде впечаток кај македонската јавност дека нешто се работи и дека навистина има некоја причина што треба да се исполни па да се вратат предметите.

Во однос на навредите што ги претрпе судството не сакам да дискутирам, го споменав тоа во првата фаза, а што можеше да прави овие изминати месеци Владата наместо да го троши времето на еден ваков закон. Многу закони поврзани со реформата во судството едноставно судските реформи стојат и на планот на легислативата на изготвување и на донесување на законите, но и на планот на имплементација на законите. Само ќе ги спomenam, бидејќи сега е актуелна тема, Законот за јавно обвинителство, Законот за совет на јавни обвинители, па се покажува дека тоа што Владата го имала како став не е поддржано ниту од еснафот, ниту пошироко од јавноста и експертите. Се доцни со месеци во однос на овие закони што беа единствени два закони, значи, за девет месеци Владата не можеше да ги донесе со своето парламентарно мнозинство, поминаа девет месеци, два колучни закони кои требаше да ги заокружат реформите во судството и законот, не се донесени а во однос на имплементацијата на законот за судови, Законот за судски совет, Законот за управни спорови можеме долго да дебатираме.

Вчерашното збиднување овде во Парламентот со изборот или со неизборот на членови на судскиот совет само уште еднаш го потврди ставот и на Владата и на Парламентарното мнозинство кон судските реформи.

Исто така, од 27 мај о.г., значи од пред неполни десетина дена почна да се применува законот за управни спорови според кој за управните спорови треба да одлучува Управниот суд, така предвидуваат законските норми. Но, ништо нема од тоа. Ниту е формиран управниот суд, ниту во моментот тој може да расправа по овие предмети, а Врховниот суд веќе не смее да постапува затоа што му истече рокот за постапување по управни спорови. Имаме еден вакум кога не се знае односно не може никој да постапува по овие предмети. И наместо Владата да ги продолжи реформските процеси кои имаат сериозен карактер и кои имаат едно забрзано темпо на реализација започнати од претходната Влада таа потполно ги стопира и сега во Република Македонија во однос на реформите во судството не можеме да зборуваме за реформи, туку можеме да зборуваме за закочување на реформите.

Да не зборувам и за доцнењето на законските акти,прераспределбата на предметите, упатството за прераспределба на предмети од еден во друг суд, рокот во кој што требаше да се одлучи за бројот на судиите по судови во Република Македонија, преземањето на предметите од Скопје 1, и Скопје 2, меѓусебно судовите, формирањето на специјализираните одделенија во судовите за борба против организиран криминал. Сето тоа се отворени прашања за кои што во наредниот период Владата ќе мора да одговори. Можеби поради влијанието на таа медиумска кампања што ја промовира постојано овие прашања некако се подзабораваа па дури и од страна на медиумите и на Владата не и се поставувани, меѓутоа, сметам дека навистина доаѓа период во кој и на овие прашања треба да одговори. Но, наместо да работи на овие значајни реформски процеси Владата нас ни предлага во Парламентот да дебатираме за прашања кои што само ги затегнуваат односите и овде во дискусиите и пошироко пред македонската јавност и наместо сите заедно да расправаме за реформски процеси кои што ќе значат подобар живот на сите граѓани во Република Македонија ние со тие предлози што ни ги дава Владата се враќаме назад. Тоа не е добро за Република Македонија и би било добро ако нешто од она што беше денес кажано, колегите кои дебатираа по овој текст на закон би било добро Владата нешто од ова да искористи за да може барем во наредниот период да не прави вакви грешки, да не го троши залудно времето за прашања на кои им е одминато времето.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

Бидејќи во салата се присутни 61 пратеник амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 61 пратеник гласале 57 од кои 9 гласале за, 3 воздржано и 45 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот на законот гласале 60 пратеници, Од 60 пратеници кои гласале 56 гласале за, воздржани нема и против 4.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за соработка помеѓу Република Македонија и меѓународниот кривичен суд за гонење лица одговорни за сериозни повреди на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југосалвија.

**Минуваме на точката 12. - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештајот на ЗПК ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 1 од амандманот 16 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, дозволете накратко да ве запознаам со поважните измени и дополнувања на Законот за даноците на имот. Во функција на процесот на децентрализација на власта во Република Македонија кој го опфати и процесот на фискалната децентрализација е донесен и Законот за даноците на имот кој започна да се применува од 1 јули 2005 година заедно со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Законот за даноците на имот го уредува утврдувањето и наплатата на локалните даноци кое целосно премина во надлежност на општинската администрација. Даноците на имот претставуваат едни од најзначајните сопствени извори на приходи на општината со кои и се овозможува на локалната власт независност од централната власт во финансиска смисла. Во оваа функција даночното ослободување за деловните згради и деловните простории, за станбените згради во селските населби, во ридско планинските подрачја пропишани со законите за даноците на имот предлагаме да се укине со цел општината да обезбеди средства за вршење на своите функции со оданочување на целокупниот имот на своето подрачје.

Почитувани, ова е една од покрупните измени на овој закон која на општините или на единиците на локалната самоуправа конечно ќе им овозможи располагање со поголема маса на сопствени искуства. Сакам да потсетам, дека во најголемиот број земји во светот основни извори на приход со кои што се финансираат функциите на локалната власт се даноците на имот. Ова Владата на Република Македонија го предлага по барање на заедницата на единиците на локалната самоуправа постигнато како согласност во меѓусебни консултации и писмено доставено со потпис на претседателот на ЗЕЛС до Министерството за финансии. Досегашната практика во Република Македонија на ослободување на деловните простории во плаќањето на данок на имот претставуваше аномалија која што е ретко каде присутна во светот. Ова не само што ги оштетуваше касите на единицата на локалната самоуправа и го зголемуваше нивниот притисок за средства врз централната власт, врз централниот буџет, туку придонесуваше за дисторзија на пазарот и за аномалии. Ќе се послужам со еден едноставен пример. Почитувани, земете било кое турисичко населено место во Република Македонија, знаете дека индивидуалните издавачи на станови го прават тоа за да го дополнат семејниот буџет, издаваат соби во своите семејни куќи. Тоа го прават граѓани на Охрид, граѓани на Крушево, граѓани на Дојран. Тие плаќаат данок на имот. Во нивното соседство има правни лица, угостителски објекти кои што ја вршат истата дејност, може ги имаат истите гости, но не плаќаат данок на имот. Имавме голем проблеми на нашите консултанти и соработници од странство да им објасниме како хотелите, она што е највидливо во централното градско подрачје во Скопје плаќаат данок на имот на само 50-тина м2, а располагаат со илјадници метри квадратни деловен простор. Тоа е несфатливо во современиот свет. Токму затоа предлагаме да се укине ослободувањето на деловние простории за физичките лица од данокот на имот кој што се оданочува со стапка помеѓу 0,1 и 0,2% од пазарната вредност. Основа за оданочување на данокот на промет на недвижности претставува пазарната вредност на недвижноста во моментот на настанувањето на обврската, а при продажба на недвижноста во стечајна и во извршна постапка даночна основа е постигнатата продажна цена. Заради допрецизирање на оваа одредба се предлага постигнатата продажна цена да претставува цената која се добива по пат на јавно наддавање, или со непосредна спогодба доколку по две последователно спроведени постапки на јавно наддавање не е извршена продажбата на недвижноста. Ова беше второто допрецизирање што се предлага со измените и дополнувањата на Законот за даноци од имот.

Трето, со овие измени на Законот се предвидува и локалната самоуправа да го има на располгање институтот отпис на даночни обврски како што постои на централно ниво. Со оваа одредба се овозможува градоначалникот на општината, градоначалникот на општините во градот Скопје и градоначалникот на Градот Скопје да извршат по потреба траен отпис на даночните обврски што ги имаат во своите евиденции доколку истекол рокот на застареност, или висинта на трошоците

за наплата на даночната обврска значително ја надминува висинта на наплатената обврска.

Четврто, заради усогласување на казнените одредби со прекршочните санкции во Законот за прекршоци се предлагаат санкции за правното лице, за обврзникот физичко лице, за одговорното лице во државен орган, или во суд, за одговорното лице во општинската администрација, во администрацијата на општините во градот Скопје, односно во администрацијата на градот Скопје, како и за носител на платен промен и одговорно лице кај носител на платен промет ако потапи спротивно на одредбите од Законот за даноци на имот.

Петто и последно, со цел даночната обврска да се однесува за цела година, се предлага одредбата односно обврските за деловните згради и деловните простории и за станбените згради во селските населби и во ридско планинските места да започне да се применува од 1 јануари 2008 година. И обврзниците на данокот на имот по овие основи да поднесат даночна пријава во законски пропишаниот рок до 31 јануатри во годината за која се врши утврдувањето на данокот.

Почитувани пратеници, единиците на локалната самоуправа, градоначалниците и советите ја очекуваат вашата поддршка на оваа значајна измена која се однесува на данокот на имот на деловни згради и простории и тие веќе се подготвуваат зголемувајќи го овој капациет за уточнување на евиденцијата за да можат од 1 јануари идната година да пристапат кон наплата на овој данок кој што ќе претставува издашен извор на сопствени приходи на единиците на локалната самоуправа.

**Бесим Догани:** Дали некој од пријавените е за реплика, или сите се за збор?

Значи, сите пријавени се за збор. Има збор господинот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер за финансии, денеска имаме на дневен ред една точка која што министерот се потруди да ја одбрани само од една страна, односно дека е во интерес пред се на градоначалниците, единиците на локална самоуправа и во функција на нивно поуспешно функционирање. Но, би сакал да кажам дека таквото образложение сепак не може да ни понуди одговор на многу прашања како би можеле да одлучиме за оправданоста на ваквата акција, или на ваквиот предлог од страна на Владата. Значи, не слушнавме од министерот неколку основни работи. Прво, каква е досега наплатата на данокот на имот на постојните физички лица, колку од овие средства општините успеваат да приберат во својот буџет и за кои општини ќе значи во која мера решавање на финансиските проблеми со ваквата постапка, или со ваквиот предлог од страна на Владата, односно знаеме дека постојат 84 општини и градот Скопје 85 единици на локална самоуправа и сите тие пред се со различен степен на развиеност како од аспект на деловните објекти кои што постојат во нивната катастарска општина, така и од аспект овие што се понеразвиените над зградите кои што постојат исто така во нивната општина. И сега министерот ова го претстави како реформа со која што ќе се реши финансирањето на единиците на локална самоуправа. За кои општини?

Дали Министерството за финансии има такви анализи, или ова ќе значи олеснување на финансирањето на поразвиените, поголемите општини, додека помалите општини и понатаму ќе останат без извори за финансирање. А знаеме дека данокот на имот е извор кој што може во општините добро да го испланираат, релативно точно да го утврдат за разлика од другите два данока кои што им се изворни приходи, како што се данокот на промет и данокот на недвижности. Значи, во оваа ситуација не слушнавме таква анализа за да ја процениме од страна на Министерството за ваквиот предлог. Мислам дека без таа анализа кај секој од нас ќе преовладува мислењето дека ова е паушално решение и Владата немајќи концепт како да го подобри финансирањето на единиците на локална самоуправа се одлучи на најлесната варијанта, односно зголемување на данокот на имот, или проширување на опфатот на лицата кои што ќе имаат обврска за плаќање на данокот на имот, а во случајот тоа се деловните субјекти, односно претпријатијата. Исто така, не ни понуди министерот одговор, колку средства, односно која општина колку средства ќе добие по овој основ и за колкава сума на пари се работи во овој случај што ќе се слее во касите на единиците на локална самоуправа. И дали по проценките на Министерството тоа ќе значи решавање на овој проблем во некои општини. Ако пред шест месеци бевме сведоци на една голема кампања на Владата во која што премиерот фрлаше едни табли во зградата на Владата и кажуваше колку се намалуваат даноците во Република Македонија. Не знам сега зошто не направите уште една кампања, да објасните како ги покачувате даноците во Република Македонија, или кога ги оптеретувате стопанските субјекти со нови давачки. Дали не сметате дека тоа ќе создаде дополнителни тешкотии во функционирањето на стопанските субјекти и каде ќе ги најдат изворите, или основите да ги платат овие давачки кон општините. Со ваквиот потег на Владата паѓаат во вода сите заложби дека оваа Влада работи во интерес на Преродба во 100 чекори, на решавање на економските прашања, бидејќи сведоци сме дека со сите досега преземени активности во ова подрачје, како во делот на персоналниот данок на доход каде што иако се најави дека ќе има намалување, на крајот кога се прошири основицата испадна дека има зголемување на масата на пари кои што треба претпријатијата да ја платат. Сега им се воведува нова давачка со изедначувањето на основицата за пресметка на придонесот за здравство кај трудоинтензивните, оние кои што

беа под просекот исто така  им се зголеми давачката за овој основ. И кога ќе соберете се од вашата економска програма во делот на фискалната политика, или даночната политика таму имаме нови давачки за стопанските субјекти, а немаме фактичко никакво намалување и потоа нека не не чуди зошто немаме никакви економски резултати, или некаков економски напредок, или подобрување на бизнис климата во Република Македонија. Едноставно со ваквите решенија всушност се врши дополнително влошување на целокупниот економски амбиент во Република Македонија. Лично сметамд ека ова не е решение за финансирањето, да се реши финансирањето на единиците на локална самоуправа затоа што не е правично спрема сите општини кои што можеби се оние понеразвиените.

Второ, не знам зошто не се направи пресметка, или обид од страна на Владата дел од данокот на додадена вредност се зголемија зафаќањата кои што ќе се одвојат за финансирање на единиците на локална самоуправа. Ако во сите интервјуа, ако во сите настапи на министерот слушаме дека проекциите се остваруваат повеќе од она што било планирано во Буџетот, односно наплатата на приходите е поголема, макроекономската стабилност е добра, се остваруваат повеќе пари по основ на прибирање на даноците. Зошто се воведува нова давачка за стопанските субјекти и не се побара решение за овој проблем во делот на  зголемување на зафаќањата на ДДВ од 3 на 5, на 4,5% а не да се воведат нови давачки. Затоа сметам дека ова реШение можеби некаде ќе помогне да се реши финансирањето на локалната самоуправа, но на долг рок ќе создаде големи  проблеми во функционирањето на стопанските субјекти бидејќи ќе значи дополнително оптоварување на нивниот буџет и тие средствата ќе мора да ги бараат  или во зголемување на цените, или во намалување на платите, или едноставно во затварање на објектите, бидејќи не ќе можат да ги издржат овие даночни оптоварувања. Затоа господине министре, ваквото решение најмалку е валидно да се реши проблемот со финансирање на единиците на локална самоуправа и попрво ќе создаде повеќе проблеми отколку што ќе понуди решение за општините. Затоа јас лично нема да го поддржам и ќе гласам против.

**Бесим Догани:**  Има збор господинот Ацо Киров.

**Ацо Киров:**  Благодарам потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре, со овој Предлог-закон  со кој се оданочуваат деловните згради и простории, Владата на еден начин се демантира со тоа што досега го зборуваше дека е Влада која што ги намалува даноците, која што е Влада што  мисли за сите во Македонија почнувајќи од земјоделците па до бизнисмените и тн. Значи, во суштина бидејќи сите доаѓаме од некоја општина, јас лично не сум пример поради овие стапки кои што придонесуваат за зголемување на буџетот на општината. Но, бидејќи веќе во неколку наврати односно по неколку  Предлог-закони кои се донесуваат за единиците на локалната самоуправа каде што баравме средства од Буџетот за подобро функционирање на општините, секогаш бевме одбиени, односно не беа прифатени нашите амандмани. И од тие причини сега нема да го поддржам овој Предлог-закон. Бидејќи мислам дека има причини, односно овој Предлог-закон ќе доведе до одредена стагнација на вложувањата во општините околу стопанските и деловните објекти кои што треба барем во иднина да ги градат бизнисмените, односно луѓето кои што сакаат да вложуваат во индустријата во Македонија. Министерот во своето обраќање кажа и тоа е во ред дека имаме пример во Дојран, или во Охрид, хотели, а до нив имаме куќи кои што издаваат простории за  луето кои што доаѓаат на летување и треба да платат, овие не се оданочени, а  хотелите се оданочени и се ставени во една нерамноправна положба. Да, тоа е точно. Јас би кажал дека  оние кои што веќе имаат изградено, дали се работи за хотели, дали се работи за деловни згради, за деловни простории, тие веќе немаат каде да одат, односно едноставно нема што да прават и мора да останат тука и ќе го прифатат овој Предлог-закон, односно ќе ги прифатат овие укинувања кои досега беа олеснителна околност, односно не беа оданочени. Но, се плашам дека оние кои што тек треба да градат, да инвестираат во одредена општина, дали сега би граделе и би инвестирале бидејќи сега можеби не се работи за многу големи средства кои што треба дополнително да ги плаќаат, можеби тоа не е многу за 100 квадрати, или за 50 квадрати, или за 200 квадрати, но имаме објекти, односно  има луѓе кои што имаат моќ и кои што сакаат да вложуваат во Македонија и кои што можеби ќе размислат сега дали да вложат, бидејќи хала од 2000, 3000, 5000 м2 кога ќе се помножи со оној процент како што рече министерот и кој што го знаеме дека е од 0,1 до 0,2%, тоа ќе излезе малку поголема сума на пари и не знам како тоа би го прифатиле новите бизнисмени, односно луѓето кои ќе вложуваат во Македонија или во одредена општина.

Да завршам со тоа, дали би граделе или не би граделе, според мене тоа ќе повлече и други работи односно со тоа што го кажав претходно, би произлегло дека во иднина, бидеки нема да се гради, нема да се инвестира, ќе имаме и намалување на вработувањето, тешка егзистенција за граѓаните. Ако се гради, повеќе ќе се вложуваше во деловните згради и простории и тоа ќе повлечеше еден систем на создавање на работа, од градежништвопа натаму и ќе овозможеше егзистенција на одредени семејства.

Како што ние знаеме, општините се финансираат на неколку начини, од персонален данок, дотации, наменски дотации, капитални дотации и т.н. и едн аод можностите за прибирање на средства на општините, секако се сопствените извори на приходи од локалните

даноци, утврдено со закон, како што е  овде сега со укинување на овој член 8, став 5 и 8, ќе бидат одданочени овие деловни згради и простории. Тоа е моето мислење околу оваа работа.

Би сакал да кажам нешто, без разлика што имаме различен став со Владата, и мојот претходник кажа, оданочувањето на станбени згради во селски населби, во ридско-панинските подрачја, не знам сега колку ефект ќе има од овие средства однсоно со укинување на овие даноци, колку ќе има прилив на средства за општината, тоа колегата пред мене го кажа, дали тоа се пресметало Владата на Република Македонија, или пак дали имаат сознанија од општините, секоја поединечно, да доставила до Владата однсоно до определените министерства колку би бил приливот на општината со укинување на член 8 ставовите 5 и 8. Од прилика тоа е моето укажување. Имам еподнесено неколку амандмани ние неколку пратеници од СДСМ, па сега да не одземам повеќе време тука ќе прекинам со дискусија, а после ќе се вклучам во амандманската расправа и ќе се потрудам да му објаснам на министерот и на парламентарното мнозинство дека овие амандмани или дел од амандманите треба да се прифатат, за доброто на општината. Значи да не не сватат погрешно градоначалниците во Република Македонија или општинарите, едноставно, со тоа што го зборуваме,Собрание е предвидуваме, еден дел од бизнисмените ќе се откажат од изградба и со тоа може да дојде до намалување на вработувањето. Значи за тоа  што го зборуваме го зборуваме за доброто на општините и за доброто на граѓаните во општините.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Киров.

За збор се јави господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Почитуван господине потпретседателе, почитувани пратеници, почитуван министре и останати претставници на Владата.

Навистина ми е жал штопред толку мал број на пратеници ќе расправаме за една суштинска тема, теми кои во било кој Парламент на развиените земји се води не расправа од еден час или еден ден, туку за секое ново одданочување и нова давачка, во сите развиени држави се води расправа можеби по повеќе од една и две години, за да се дојде до решенија.

Можеби во моето искажување ќе повторам дел од дискусијата што ја имав кога беше за воведувањето на  новиот начин на пресметка за придонесите за здравствено осигурување, но тесно се поврзани причините за таа дискусија. Имено јас тогаш го поставив отворено прашањето и сега ќе го псотавам.

Зошто господине министре не го повикате премиерот и да ја построите цела Влада и да одржите прес конференција. Тоа е секогаш за оваа Влада својствено. Зошто за овој закон не излезе премиерот  да одржи прес конференција и на граѓаните да им каже, почитувани граѓани на Република Македонија оваа Влада од денес донесува одлука за нова давачка на стопанството во Република Македонија. Тоа е составен дел на транспарентноста. Но, во овој случај тоа го немате. Во овој случај дури се плашите да зборувате во јавност, да спомнувате за овој закон. Тоа ли е таа транспарентна Влада на Република Македонија, тоа ли е таа Влада која дава многу пари за да ги информира своите граѓани. Значи, тоа ме доведува до заклучок дека нејасно се поставувате по однос на ова прашање. Но, одговорот е многу едноставен. Ако излезете на една таква пред конференција, дефинитивно ќе ја потврдите тезата која ја зборував кога беше новиот начин на пресметка за здравственото осигурување и на придонесот дека оваа Влада, овој Парламент, сегашен состав е Парламент кој во изминатите 16 години, за најкратко време донесе најголеми давачки во Република Македонија за стопанството. Тоа после ќе го потврдам и со бројки.

Јас ги сваќам градоначалниците во Република Македонија, за проблемите со кои се соочуваат. Упорно сакаат да ви укажат на вас како Влада дека откако дојдовте давате  најмалку пари во Буџетот за општините. Тоа со закон.

Со намалувањето на стапката на персонален данок на доход, автоматски се намалија приходите кои ќе одат, реалните приходи, за општините. Сега, нормално е, барајќи градоначалниците да излезат од таквата ситуација да разговараат со вас и вие излегувате овде и предлагате, ни кажувате дека овој Предлог на закон е по барање на градоначалниците. Јас не се сомневам во тоа што го кажувате и сигурно е тоа со потпис на претседателот на ЗЕЛС. Но, се поставува основното прашање, зошто се криете зад градоначалниците и вие како министер и Владата на Република Македонија. Тоа го поставувамод една едноставна причина.

Зошто, ког аниe овде како пратеници баравме да ни докажете дали со новиот закон за измени и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, се согласи ЗЕЛС и тоа тогаш го избегнувавте, затоа што тогаш не ви одговараше. Тоа не е принципиелно господине министре и немојте да се криете сега зад барањето на градоначалниците, затоа што во државата Владата е таа која ја креира фискалната политика, Владата е таа која креира даночна политика во една држава и тоа му го предлага на Парламентот и Парламентот е тој што ја креира даночната политика после со донесувањето на законот. Не се тоа градоначалниците. Градоначалниците само бараат излез од тешката состојба во која се наоѓаат, а тоа е, заради тоа што вие не сакате да си оделите ни дел од Централниот буџет и да си го расипете својот комодитет, за да имате пари за реклами, за да имате пари, не знам, за секојдневно сликање и наместо од тој дел да одвоите и да дадете на општините, воведувате нова давачка.

На овој закон му недостига, тоа го спомнаа и некои од колегите што дискутираа пред мене, Владата да излезе со анализа што ќе значи за макеоднската економија воведувањето на новиот данок на имот односно новата давачка. Не смееме да донесеме закон за кого ќе немаме точно, барем приближно, претпоставка што тоа ќе значи за макеоднската економија и како ќе се одрази. Наспроти тоа, господин министер ни изнесовте еден пример за Охрид и Крушево што, еве да употребам збор, да не ве навредам, ама неспоредливи сте. Неспоредливи сте заради една работа. Да, кога зборувате за данокот на имот, но неспоредливи се по однос на сите други давачки што се поврзани на едниот случај на издавање на соби и на другиот случај на издавање на соби, оној кој е регистриран како стопански субјект и оној што не е регистриран. Во данокот на имот можеби сте во право и сте во право, но сите останати врзани давачки кои се, тогаш ќе ве демантираат самиот вас.

Сметам дека со воведувањето на нова давачка дефинитивно стануваме држава која има Влада, откако е дојдена има најголеми давачки за еден краток период. Следното ќе го илустрирам со бројки.

Даземеме еден трговски дуќан од 100 м2. Господинот Поповски, мислам дека дел од ова имаше во една своја колумна, но јас ќе го поврзам тоа со една работа кога разговаравме за новиот персоналец во Република Македонија и придонесите од здравствено осигурување, кој оди во континуитет.

Значи, еден трговски дуќан од 100м2 во центарот на Битола кој има пазарна вредност да кажеме од околу 2500 евра по м2. За данок на имот годишно ќе плаќа, кога би се вовела најниската стапка, 250 евра пус она што сега го предвидувате, зголемвуањето за електрично осветлување. Значи ако тој трговски дуќан има тројца вработени, ситуацијата откако Владата на Никола Груевски е дојдена на влст, со намалување од една страна, а од друга страна зголемување на давачките, е следната:

Државата, со намалување на персонален данок, при просечната плата која беше исплатена во трговијата.по вработен им намали 131 денар, или вкупно на годишно ниво за три вработени на еден таков трговски дуќан, му намали 4716 денари или 77 евра за сите тројца вработени во текот на една година. Со измените кои ги донесовте толку им намаливте. Наспроти тоа, оваа Влада им зголеми, со новиот начин на пресметување на придонесите за здравствено осигурување 242 евра на годишно ниво. Им зголемува сега 250 евра за данок на имот и ќе им зголеми 5 евра за осветлување, или вкупно на годишно ниво давачката на тој трговски дуќан со тројца вработени , од 100 квадрати, во центарот на Битола ќе биде 497 евра, односно 420 евра оваа Влада им наметна погоелми давачки отколку што имаше, до изборот на оваа Влада, до 27-28 август. Тоа ли е намалувањето на даноците во Република Македонија. Ни еден инвеститор кога ќе дојде од странство, нема да ве праша и затоа немојте да се чудите зошто нема странски инвестиции, нема да ве праша, го намаливте персоналниот данок, добри сте, туку тој прашува колку ми се вкупните давачки во државата во која јас инвестирам. И вие сега ќе им кажете дојдете инвестирајте. Додека е оваа Влада ние ги зголемивме вкупните давачки во Република Македонија.

Или еве на пример за поголема фирма, за една текстилна фабрика да речеме од 9-10 илјади м2 што и се потребни за да ја обавува својата дејност, бидејки за такви погломазни поголеми објекти каде што има производство, треба поголем простор. Лесно ќе му биде на едно осигурително друштво од Скопеј да отвори своја филијала во Битола бидејки ќе му требаат 30м2, а да отвори една текстилна фабрика во Битола, му требаат 9-10 илјади м2, му треба магацин за готови производи, му треба магацин за суровини, му треба простор за обавување на дејноста. Во периферијата на Битола нека е, 700 евра е минимум пазарната вредност по м2. Со најниската стафка таа ќе плаќа 6300 евра годишно данок на имот. Кога би имала 300 вработени, вие им намаливте 4894 евра на годишно ниво од персоналец, а му зголемивте за здравство 23.414 евра и сега им зголемувате 6.300 евра данок на имот. Наспроти што му намаливте 4.894, му воведовте нова давачка од 30.000 евра на годишно ниво. Тоа ли е потпомагање на стопанството, тоа ли е начинот на кој вие ги намалувате давачките за стопанството. Сега го покажувате вистинското лице. Сега го отворивте прашањето, кога велите постигнавме во ММФ и со Светска банка согласност околу намалувањето на даноците. Сте постигнале затоа што сте криеле од македонската јавност и тогаш јавно и јасно сте им ставиле до знаење, да ќе го намалите персоналецот, но ќе ги зголемите другите давачки, истовремено приходите нема да ви се намалат.

Господине министер, господа пратеници, секој што не работел во стопанство знае колку се овие давачки. Го гледам овде господинот Љубисав Иванов Ѕинго. Тој сега ќе осети колку е за “Силекс”, на оние огромни површини што ги има под магацини, колку ќе треба да се плаќа со новата давачка. Нека си направи пресметка колку му е ослободувањето од персоналецот и како секој добар бизнисмен на крајот ќе си направи сума сумарум. Само оној што не знае што значи на први да обезбеди плата за вработените, може вака лесно и набрзина да воведува нови давачки. Тоа има само една цел, Владата да не си издвои дел од своите задоволства преку зголемвуањето на издвојувањата од персоналецот и од данокот на добивка, за д аможат општините да функционираат како што треба. Јас мислам дека таквиот начин е погрешен и сметам дека не е добар.

Јас добро се сеќавам кога го носевме овој закон во претходниот Парламент. Ваквата одредба

имаше едногласна подршка од сите пратеници, дали од позиција или опозиција, дека стопанството за да може да се развива, да се ослободи од плаќање на данок на имот, се со цел преку работењето секојдневно, преку отворањето на нови работни места, преку инвестициите во нови објекти дека истите даноци ќе си се вратат во државата, туку ќе се стимулира отварање на нови погони, ќе се стимулираат нови работни места.

Она што мене навистина ми е смешно е колку очекувате од тоа што ја укинувате одредбата дека ќе ги одданочите куќите или објектите, да не речам, во ридско-планинските места. Дали бил некој во тие ридско-планински места што сега се ослободени, да види што ние ќе одданочиме односно што Владата предлага да се оданочува. Да се оданочуваат викендиците, секоја чест, оној кој не ги користи за живеење.

Но, човек кој што живее во село, на планина и вие сега заради тоа што бил досега ослободен од данок, вие ќе му воведете данок на имот и кажувате дека е тоа за подобрување на приходите во општината, навистина, да не речам дека е жалосно, но е смешно.

Затоа, сетам дека со изгласувањето на овој Закон, повторно ќе му нанесеме удар на стопанството, посебно на малото стопанство, што не ќе може понатаму да работи. Еден занаетчија, швајцер на кого ќе му ја оданочиме работилницата што работи, тој ќе го почуствува на свој грб.

Сметам дека исто така ова ќе води кон дестимулирање на изградба на нови објекти за стопанството, а со тоа отворање на нови работни места и во овој момент јас би предложил, зачудувачки е што повоторно немаме мислење како Министерството за економија се изјаснува по однос на овој закон. Министерството за економија си стои мирно, кога повторно се воведуваат нови давачки за стопанството во Република Македонија.

Мојот предлог е овој закон да го повлечете, да предложите измени на законот за кредитирање на единиците на локалната самоуправа, да ги зголемите издвојувањата по основ на персонален данок и на доход од данокот на додадена вредност, со кој што би се откажале од дел од приходите на Владата и тие да ги префрлите во општините. Само на тој начин мислам дека ќе ја постигнете правата цел. Јас гледам малку пратеници, но ми е мило што има прилично пратеници од опозицијата. Јас имам и конкретен предлог да барам подршка од 10 пратеници, овде да ја прекинеме расправата и да изгласаме, Комисијата за економија, која што има допирни точки со овој закон, иако е предлагач Министерството за финансии, Комисијата за економија во Собранието на Република Македонија да го каже своето мислење врз основа на мислење на Министерството за економија, по однос на тоа како ќе се одрази врз стопанството во Република Македонија предложениот закон. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Имавте предлог. За тоа имате подршка од 10 пратеници.

Би ве замолил повторно да го формулирате од место предлогот. Повелете.

**Слободан Најдовски:** Предлогот ми е претседателе да ја прекинеме расправата. Комисијата за економија да го разгледа законот врз основа на мислење од Министерството за економија, како ќе се одрази донесувањето на овој закон врз стопанството во Република Македонија. Што значи, поедноставно ја прекинуваме расправата, Министерството за економија бараме да ни даде свое мислење и Комисијата за економија на Собранието да расправа и да ја продолжиме расправата по Предлогот на законот.

**Иван Анастасовски:** Вие имате легитимен предлог, имате подршка од 10 пратеници.

Во тој случај вашиот предлог го ставам на гласање.

Меѓутоа, пред да го ставам предлогот на гласање, ги замолувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата, бидејќи ќе гласаме за предлогот од колегата Слободан Најдовски.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата ќе пристапиме кон гласање.

Ги молам службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се во салата.

Ги молам пратениците уште еднаш, да влезат во салата, бидејќи ќе пристапиме кон гласање.

Ги молам пратениците уште еднаш да влезат во салата ќе пристапиме кон гласање.

Ако може уште еднаш службите да го кажат точниот број на пратеници присутни во салата, бидејќи влегоа одреден број на пратеници.

Ги молам пратениците уште еднаш да влезат во салата ќе пристапиме кон гласање.

Ви благодарам.

Во салата има 61 пратеник.

Предлогот на пратеникот Слободан Најдовски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да го утврдиме точниот број на пратеници во салата.

Во моментот на гласањето во салата беа присутни 62 пратеника.

Вкупно гласаа 56, 11 за, нема воздржани, 45 гласаа против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеник господин Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници.

Апсолутно се согласувам со сето она што беше веќе кажано од господинот Најдовски, бидејќи се работи за еден сериозен закон на кој што многу малку внимание и ние пратениците обрнавме, така да ни матичните комисии не го погледале. Но секогаш, кога се работи за давачки на граѓаните, ние се обидуваме тоа на мала врата да го протнеме во Собранието на Република Македонија.

Почитувани колеги, овој закон се применува од 1 јули 2005 година. Точно е дека се очекуваше дека можеби граѓаните на Република Македонија ќе бидат оптоварени со уште некоја давачка, меѓутоа, за волја на вистината, морам да кажам дека јас во принцип подржувам секаква иницијатива и секаков закон, со кој ќе се зголемат изворните приходи во општините.

Факт е дека единиците на локалната самоуправа, општините во Република Македонија добија повеќе надлежности во првата фаза на децентрализацијата на власта, не само во делот на образованито, на културата, на против пожарните единици, и да не набројувам, меѓутоа, да не заборавиме дека и во член 1 од Уствот на Република Македонија стои дека Република Македонија е социјална држава.

Имено, факт е дека се воспоставува да речеме една нова пореска правда во Република Македонија, која што Министерството за финансии ја дава на општините и на определен начин граѓаните доживуваат ново оптоварување на и така лошата финансиска состојба.

Како член на СДСМ секогаш ќе бидам за воспоставување на пореска правда, меѓутоа, од принципот дека оној што има помалку, треба да се оптовари помалку, богатите можат и мораат да плаќаат повеќе.

Децентрализацијата, почитуван минстер на јавните финансии, мора според мене да оди мошне внимателно, бидејќи навистина, може да доведе до пореско оптоварување, кое што не можат да го издржат граѓаните на Република Македонија. Лесно е да се каже, или да се напише определен закон, меѓутоа, многу е поважно како тој ќе се имплементира и како ќе се спроведува. Лесно е да се каже и да се напише дека создавањето на една позитивна слика за општината и сите дејствија за даночна наплата треба да бидат, транспарентни дека треба да обезбедуваат максимална комуникација со граѓаните итн, меѓутоа, од друга страна, релациите со даночниот обврзник е работа на општините, работа на единиците на локалната самоуправа, меѓутоа, мора да признаеме дека не секоја општина има подеднаков капацитет во овој момент во Република Македонија. Не може да ја споредуваме општина Прилеп и општин Вранешница, да речеме и да ги поистоветиме.

Мислам дека беше лош даден примерот почитуван министер, дека оштетувањето на касите, кое што го има во овој момент од страна на општините, дека ќе биде подобрено со овој закон, тоа можеби и ќе биде така, меѓутоа, за сметка на граѓаните на Република Македонија, или на граѓаните во тие општини. Се надевам дека не мислите дека примерот кој што го дадовте за граѓаните од општина Охрид, Дојран, Крушево и Скопје, носиме закон токму за нив. Напротив, и граѓаните во тие општини ќе бидат многу повеќе оптоварени од ова што го имаме сега.

Имено, во принцип мерките на државата во новата или во сегашната фискална политика, не треба да ја загрозуваат социјалната сигурност на граѓаните, бидејќи ова ништо друго не значи. Оваа измена во законот значи дека стотици или илјадници мали бизниси кои што ги има во Република Македонија, кои што до денес или до утре не плаќаат данок на нивните деловни простории, ќе мораат од утре да издвојуваат посебни средства и да почат нормално, на товар или на работниците,или на граѓаните да го плаќаат овој данок. Не е исклучено на крајот на краиштата дека ова ќе биде повод, дел од стопанствениците и да се откажат од својот бизнис, или пак, дали на пример ако некој стопанственик има 30-тина вработени, ќе мора на овој начин да отпушти еден вработен, само за да може да го плаќа данокот кој што ние со овој закон ќе го изгласаме. Затоа, од една страна е добро што ќе се зголеми Буџетот на општината, но од друга страна тврдам дека ќе се закочи развојот во општините во поголем број на сегменти. Мислам дека е многу подобро ако се размислува дека дел на средства од Буџетот на Република Македонија, како што е данокот за додадена вредност, дел од средствата на персоналниот данок, може од централниот буџет да се издвојат и дел од тие средства да се наменат за општините. И наместо да речеме, градење на музеи кои што беа најавени на плоштадот во Скопје, музеот на ВМРО, Официрскиот дом, обновата на стариот театар, тие средства да бидат наменети за наредните година, две или три, се до оној момент кога општините ќе обезбедат вистински правилен, економски развој во своите средини. Или пак, да не споредувам и да не давам лоши примери за идеите кои што беа кажани, за изградба на трите стокатници во Скопје карши Холидеј ин. Мислам дека таквите идеи кои што се, се разбира многу погрешни и лоши, дека ќе овозможат уште еднаш граѓаните да бидат оптоварени непотребно со давачки за кои што и самите допрва ќе бидат свесни.

Имено, на крајот на краиштата ако се работи за локален економски развој, дајте тогаш да им го дадеме градежното неизградено земјиште на општините, па ќе видиме дека голем број на општини, голем број на совети, голем број на градоначалници знаат да донесат и да најдат инвеститори, кои што ќе го подобрат животот на граѓаните во нивните општини. На тој начин можеме да зборуваме и за вакви нешта и за вакви давачки, кои што во определен временски рок, се разбира дека би можеле да дојдат и во Република Македонија.

Јас апсолутно сум убеден дека доколку се има подршка од централата власт, има паметни луѓе во општинте во Република Македонија да најдат начин за полнење на буџетите, без да ја воведеме оваа нова сериозна давачка кај граѓаните во Република Македонија.

Мислам дека е лош примерот кој што ќе го дадеме ние како пратеници, граѓаните да ги оптовариме со нешто за кои што ќе бидат свесни, дури тогаш кога ќе видат дека нивниот семеен буџет се намалува за сериозни проценти, за кои што во овој момент не знаат ни дека ги има.

Мислев дека овој закон или измените и дополнувањата кои што се дадени од страна на Министерството за финансии, ќе даде една нова процедура во законот, процедура во која што ќе биде вклучена апликацијата, значи, сето она што ќе значи сите информации за даночниот обврзник, име, адреса, задолжена сума итн, причината поради која се отпишува долгот и изјава од неплаќачот.

Вака очекувам амандманите кои што се дадени од страна на пратениците од опозицијата да не бидат прифатени и на тој начин ќе воведеме уште една би рекол сериозна закана, едно ново дискреционо правило кај градоначалниците на општините тие да кажуваат кој може, како може, и на кој начин да бидат ослободени од плаќање на оваа сериозна давачка за која се надевам многу брзо ќе дојдат измени и за кое ќе зборуваме во други прилики.

Воопшто прашањето за релациите со даночните обврзници предлагачот не го третирал, иако сите знаеме дека по некогаш може да се случи одредени долгови да не можат да бидат наплатени или поради тоа што даночниот обврзник не е во можност да плати. Меѓутоа, лесно е да се зборува за локализација на даночен обврзник, тешко е спроведување на ова што го нуди предлагачот со овој закон. Меѓутоа, солидарноста е спремност на луѓето, и групите активно и доброволно да се залагаат едни за други. Не може на сила ништо да се добие, само може да се земе. Воведуваме буквално на сила една нова давачка кај граѓаните на Република Македонија, без да го слушнеме нивното мислење, без да го слушнеме Министерството за економија, без да ја слушнеме матичната комисија, а тоа е Комисијата за економија при Собранието на Република Македонија.

Според тоа, мислам дека почитуван министер можеше веќе кога донесуваме предлог за измена и дополнување на овој закон, да понудиме некое посериозно и поадекватно решение, со кое нема граѓаните дополнително да ги оптоваруваме и нивниот, и така мал буџет да го оптоваруваме. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник господин Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Почитувани пратеници, почитуван потпретседателе,

Сакав попатно да се вклучам во оваа расправа со цел да укажам на евентуалните последици од ова законско решение кое се предлага од министерот за финансии, односно од страна на Владата, имајќи ја предвид нашата загриженост во континуитет за степеност на зајакнувањето на локалната самоуправа и степенот на фискалната децентрализација како потреба за една витална општина и за една општина во функција на потребите на граѓаните, нешто што го предвидува и самата децентрализација. Во суштина, во моментот кога Владата најави и ја реализира идејата за ниски даноци, односно за рамниот данок и ги намали даноците, персоналниот данок и ДДВ, а јавноста сега е запозната со тие работи, уште тогаш сигнализиравме дека овој пристап и овој начин на одданочување на граѓаните, имајќи ја предвид структурата на граѓаните и нивното влијание во локалната самоуправа, ќе ги повреди или намали можностите за финансирањето на локалната самоуправа, што ќе има соодветни последици. Тогаш на некој начин како одговор ни се каже дека ќе се изнајдат други начини со кои ќе се надмине оваа празнина што се создава поради недостиг на овие средства и општините не ќе можат тоа да го диктираат или не можат да го диктираат за лошо. Ние сакавме да и веруваме на таа теза, и покрај тоа ние сакаме да веруваме во фактот дека децентрализацијата на општините е наша заедничка определба и уставна обврска, па нормално во сегашните закони е обработена и формализирана така како што е формализирана. Секако, тоа треба да биде во интерес на нашите граѓани и секоја Влада, секој владин мандат има обврска да ја унапреди децентрализацијата и да изнајде подобри начини што ќе бидат поунапредени во однос на оваа проблематика. Уште на почетокот се согледаа некои чекори што се презедоа од оваа Влада дека не одат во таа насока, туку одат во спротивна насока. Значи, со недостаток на волја да се донесат закони кои ќе ги зајакнат општинските финансии, со недостаток на волја да се реализира и тоа што е и сега законска определба, како што се фазите на децентализација и облиците на децентрализација во двете фази кои течат, Владата кажа дека на директен или непосреден начин, со политика или со закон има недостаток на волја во однос на децентрализацијата.

Денешниот закон требаше да биде во функција на пополнување на една празнин, која се создаде од самите законски решенија на актуелната Влада. Но, по се изгледа предлогот не е со таква содржина и не може да се очекува да се случи една ваква можност. Зошто? Една од причините е што општините имаат големи и разни проблеми и тие секако имаат потреба од изворни даночни приходи на локално ниво, а и министерот се пофика на фактот дека општините ќе го поздрават овој закон. Но, може да се каже дека давеникот се фаќа и за сламка, сигурно тоа може да даде минимален ефект на општинско ниво, но ефектот кон граѓаните и во однос на бизнисот мислам дека е негативен, отколку да

биде позитивна страна на овој вид оддаНочување на локално ниво.

Втората причина е поради фактот што се менува начинот на оддаНочување. Сакам да го конкретизирам ова. Доколку со намалувањето на данокот или примената на рамниот данок на општините им се одзедоа сигурни средства, бидејќи се распределуваа од централниот буџет, од делот од буџетот што го прибираше централната власт и со проценти, врз основа на формулите, се даваше на локалната власт. Тоа беше сигурен начин на приходите кои ги добиваше општината. Сега, не се обезбедува еден таков извор кој е многу посигурен, каде даночниот обврзник е во централната власт поради механизмите и природата на прибирањето на даноците, но се дава еден данок кој по можност треба да го собира самата општина. Во моментот познаст е фактот дека општините, имајќи ги предвид табеларните прегледи, можеби законот не е проследен со соодетен табелар, за да се оствари сето ова, имајќи го предвид табеларот дека сите видови на даноци и прибирањето на даноци на локално ниво поради капацитетите, недостатокот, поради социјалните импликации и многу други причини кои помалку ги знам од министерот за финансии, се на ниско ниво. Поддршката или зајакнувањето на финансиите на општинско ниво со даноци кои така малку се прибираат и нивната замена со централни даноци според формула, мислам дека е еден несоодветен начин на зајакнување на финансиите во општините.

Третиот аргумент е фактот, доколку Владата навистина сака да ги зајакне општините, тогаш мислам дека има простор да го направи ова со други начини или со други политики, и фискални, но не само фискални. Тука се и меѓународните препораки и сите сугестии кои се во функција на имплементацијата на децентрализацијата, ја имаме политиката на градежното земјиште. Значи Владата не презема ниту еден чекор за да го овозможи менаџирањето на градежното земјиште на општинско односно локално ниво, знаејќи дека тоа е еден сигурен и профитабилен начин за збогатување на локалните финансии, но предлага нешто што  многу тешко се остварува. Доколку целта е добра и доколку сето ова е начелно и принципиелно, без оглед на аспектот што државата има право да прибира даноци и да го оддаНочува побогатиот, а не посиромашниот итн., што е социјлдемократско начело и за чудо ни се сервира од десната партија. Покрај тоа реков дека е општо начело на прибирање даноци, што на некој начин не оди со програмските определби кои вие како партија претенцирате да ги промовирате како десни партии. Фактички централните даноци ги намаливте од причините што ги кажавте до сега, но од друга страна им отежнувате на граѓаните со локални даноци. На крајот на краиштата, граѓанинот е тој што го плаќа и централниот данок и локалниот данок. Во целина граѓанинот се задолжува. Значи, ваквите акти кои го задолжуваат бизнисот, го оптоваруваат бизнисот и го стеснуваат просторот за да менаџира со своите средства не се десни политики. Јас не знам дали сте со десна ориентација во даночната политика или не, но секако според моите скромни сознанија кои ги имам од овој аспект, мислам дека не е десна политика ова што го правите и за кое претендирате. Зачи, има и многу други иелементи и доколку беше добро анализирано, доколку се анализираа добрите и можните извори и ефектите на другите политики на локално ниво за развојот на општините, како фискалните така и другите економски развојни политики, мислам дека ќе се изнајдеше подобра формула и подобра варијанта за зајакнувањето на локалната власт. За мене ова не е најдобриот начин и не е конзистентен начин, не гарантира безбедност на средствата, бидејќи општините и така и така малку имаат можност да менаџираат добро со прибирањето на даноците, мислам дека нема да се постигне целта, за што и вие сте го предложиле со вашето образложение кое постои во овој закон. Ние мислиме, за да се поддржат политиките кои водат кон децентрализација, кои ја  зајакнуваат децентрализацијата, кои ја зајакнуваат локалната власт, но сме исто така против политиките кои на индиректен или формален начин прават даноците да одат долу, а фактички тие и понатаму го комплицираат и го оневозможуваат сето тоа. Секако мислиме дека би било подобро решение ако се овозможи давање средства на локално ниво од посигурни извори, како што е тоа што се предложи, што е иманентно и треба да се реализира, со повисока поделба на процентите од ДДВ како постабилен начин на финансирање и поконзистентен начин, како што одлучивме за образованието и за другите даноци, да го гарантираме најсигурниот начин, значи со блок донации е начинот да ги собереш на централно ниво и да ги распределиш, долу во општините мислам дека треба да продолжиме во оваа фаза.Ваквите политики мислам дека може да се реализираат и на овој начин во функција на оддаНочување на побогатите, тогаш кога ќе има појасни развојни иницијативи, странски инвестиции, кога ќе се релаксира вистински бизнис заедницата на разни нивоа и тогаш можеме да почнеме да размислуваме за посоодветна распределба на профитот, остварувајќи ги и даноците врз деловните простории на нашите економски субјекти. Во  момент на висока невработеност, во момент на големиот недостаток на ефикасност на општинско ниво, недостаток на инвестиции, недостаток на разни други политики, развојни политики, проширувањето на даночната обврска како што е ова на локално ниво фактички не е добро за граѓаните. Тоа е неприфатлив товар сега за сега за овие економски еколности и мислам дека треба да се реализира малку подоцна овој начин на оддаНочување. Но сега мислам дека треба да имаме пристап на посоодветна распределба на даночните извори кои се поефикасни од централните извори. Затоа, и нашата поддршка на овој закон секако ќе

зависи и од дополнителната аргументација на вас и вашите колеги, но на крај треба да го имаме предвид и степенот на образувањето, имајќи ги предвид и амандманите предложени од страна на нашите колеги. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Почитуван господин потпретседател, колеги пратеници, господин министер,

Со деншната точка на дневен ред, односно со воведувањето на новиот данок на имот, значи воведување комплетно на еден нов данок во Република Македонија, значи нешто спротивно од она што го прокламира нашата Влада во изминатите девет месеци, нешто спротивно од нивната програма во 100 чекори, уште еден нов данок во низата зголемени даночни задолжувања, обврски кај граѓаните на Република Македонија и претпријатијата во Република Македонија.

Новововедениот данок, кој на деншната или утрешната седница ќе биде изгласан, впрочем ќе продуцира поголема сиромаштија во Република Македонија. Зошто ќе продуцира поголема сиромаштија, односно осиромашување на вработените? Со задолжувањето на фирмите да плаќаат нови давачки на производствени капацитети или на производствените погони, магацини и слично, плус на административните згради на кои до сега се плаќаа даноците, значи дека дополнителни средства 1000, 2000, 20.000 евра зависно од нивната површина ќе се издвојуваат за плаќање на овој данок, ќе се издвојуваат во касата на локалната самоуправа. На чиј товар, на чиј грб ќе биде овој данок. Дали мислите дека со ова ќе се откажат од работење индустриските капацитети, малите и средните претпријатија, продавниците и слично. Не, нема а се откажат од работа, тие и понатаму ќе продолжат да работат и делуваат, само ќе ја намалат платата на вработените за извесен процент, за колку што Владата им ги зголемува даноците, односно за колку што со овој данок ќе се зголеми издвојувањето од сметката на фирмата на сметката на локалната самоуправа.

Да потсетам дека пред неколку месеци донесовме еден друг данок, односно зголемување на издвојувањето за здравствено осигурување со хармонизација на стапката, односно со зголемување на најниската основица со што претпријатијата кои плаќаа на најниска основица, а тоа беа или тоа се текстилната индустрија, кожарскаста индустрија, градежната индустрија, впрочем и најголем дел од вработените во Република Македонија се вработени во овие индустриски гранки, околу 50% од вработените работат во овие индустриски гранки, преку 80% од вработените во Источна Македонија работат во овие индустриски гранки, им ги зголемивме давачките за здравствено осигурување за околу 728 денари по вработен со крајната хармонизација од 1.01.2008 година, кога ќе стапи во сила 65% издвојување за здравствено осигурување или на нешто помалку со првиот чекор, со првата скала за 50% од 1.07.2007 година. Овие 728 денари кои ги изгласа ова Собрание, дополнителни средства од Буџетот на претпријатијата, повторно ќе бидат намалување на платата на вработените за толку денари. Тоа го дискутиравме пред неколку месеци. Новиот данок ќе значи намалување на платата на вработените индиректно за уште 170-180 денари по вработен, анализирајќи фирма со 1200 вработени од кожарската индустрија, со приближно 18 до 20 илјади м2 индустриски капацитет.

Зголемувањето на тие давачки ќе значи поголемо осиромашување на вработените, просечно на месец за по 1000 денари на нивната плата помалку, што е и те како битно за нивниот семеен буџет, што е многу важно за нив.

Сакам да истакнам дека не сум против дополнителни извори за полнење на касата на локалната самоуправа. Јасно е дека нашата Влада, со сите досегашни закнои и мерки продуцираше осиромашување на касите на локалните самоуправи. Впрочем, имавме амандмани од страна на СДС и кога се донесуваше Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, да се зголеми процентот на зафаќање од ДДВ, наместо 3 на 4.5%. Тоа ќе значеше прелевање на средства од Републичкиот буџет во локалнте буџети. Тоа ќе значеше поголеми средства за локалната самоуправа, за локалните власти, за сметка на Републичкиот буџет без дополнително зафаќање од вработените, од македонскиот народ, без дополнително осиромашување на нашите вработени.

Меѓутоа, Владата остана цврсто на својот став и одлучи да предложените 3% зафаќање од ДДВ не се зголемат.

СДС имавме уште еден амандман, кога се носеше Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Тоа беше зафаќањето од персоналниот данок да биде поголемо за сметка на локалните самоуправи. Наместо 3% да изнесуваат 4,5%. Тоа ќе значеше повеќе средства за локалната самоуправа, повторно не со осиромашување на граѓаните, туку прелевање од една каса во друга, од Републичкиот буџет од касата на државата во касата на локалната власт. Владата повторно немаше слух за такво нешто и се реши наместо да дава од сопствената каса, од Републичкиот буџет, наместо да ги намали нивните средства, што гледаме како ги троши, ги троши за спонзорства, за реклами, 500 илјади евра во ЕЛЕМ за само шест месеци, ги гледаме како ги трошат, ги трошат за изградба на музеи и културни центри и тн. Пред мене дискутираше колегате Ќуркчиев. Значи, си оставаат комоција за изградба на небитни објекти за македонскиот народ и за современието во кое живееме и за моментот во кој што секој денар на нашиот народ му е битен и вреден. А, се

решаваат за воведување нови давачки, нови даноци и тоа се по грбот на македонскиот гранин.

Колегата Најдовски направи анализа што ќе значи новиот данок за мал занаетчиски дуќан од тројца вработени. Податоците што ги кажа беа фрапантни и катастрофални. Дури, ако се направи анализа што ќе значи новиот данок за фирми, како што се нашите конфекции со 300-500-600-700 вработени, податоците што ќе ги добиеме ќе бидат уште полоши. Дали мислите дека сопствениците на тие производни погони имаат многу средства, се многу богати па ќе им закачите на грбот уште некои давачки? Не, не е така. Не е така, бидејќи овие давачки повторно ќе бидат од вработените, повторно ќе бидат со намалување на личниот доход, на месечните плати на вработените.

Можеби ќе беше многу подобро да овој став од членот 8 го промененвте и го направевте сличен со точката 12 во која што се вели дека, од постојниот Закон дека данокот на имот не се плаќа на земјоделско земјиште што се користи за земјоделско производство. И овде, можеби требаше да напишете дека данокот на имот нема да се плаќа на деловните згради и деловни простории што се користат за вршење на дејност. Тоа ќе беше многу пофер, многу покоректно, бидејќи со приватизацијата знаеме дека постојат голем дел на хали, на погони што не се ставени во функција, што не работат, во кои што не се врши никаква дејност. Во ред. За тие објекти и потребно е и коректно би било да се плаќа данок. Меѓутоа, ако некој се реши да отвори производен капацитет, ако некој се реши да отвори производен погон и во него да вработи 300-500 вработени, да се грижи секој месец да обезбеди 100 илјади, 200 илјади за плата, да се грижи секој месец да вработи луе и да им обезбеди услови за работа, оваа Влада оди против тие луѓе оди против нив и им наметнува нови давачки.

Уште еднаш да потсетам дека овој данок ќе претставува повторно земање од сиромашните во името на богатите и ќе доведе до зголемување на јазот помеѓу сиромашните и богатите. Ваквата даночна реформа ќе ги зголеми уште повеќе социјалните разлики. Ваквата даночна реформа ќе значи уште еден минус, уште еден негативен поен во привлекувањето странски инвестиции и впрочем, ќе ја зголеми лагата дека Република Македонија е држава со најниски данови во Европа. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник господин Поповски Никола, повелете.

**Никола Поповски:** Потпретседателе, почитуван министер, колеги,

Јас, навистина нема повеќе од една-две минути да зборувам. Со жалење ќе констатирам дека овие седум-осум колеги кои дискутираа претходно се во право со своите дискусии. И, дека ова решение на Владата не е среќно решение. Туку, мислам дека Владата го одбра најлошиот потез за да ги помага општините со воведување нови давачки за кои е таа надлежна, а не општините.

Нема што повеќе да додавам околу тоа, затоа што во се се согласувам дека е така. Дури некои за оваа прилика, скромни пресметки што се правеа на говорницава, мислам дека се точни.

Меѓутоа, мислам дека Владата не го разбира јазикот со кој што се говори во Парламентот. И, господинот Груевски не сака да го разбере тоа. Тој секогаш мисли дека тоа што тој го прави е единственото исправно и дека таквата композиција на однесување на власта може да трае долго.

На оние кои на тоа веруваат, нека им е со среќа. Нека продолжат со поддршката.

Јас ќе се обидам, господине потпретседателе, да внесам малку забава во овој Парламент, која сеуште ќе го штити достоинството на Парламентот, за да покажам кој јазик господинот Груевски го разбира кога воведува или менува даноци. Тоа изгледа вака:

Денеска, даночното оптоварување на деловниот простор во Република Македонија е 0%. Со донесувањето на овој закон, претпријатијата од 2008 година ќе плаќаат помеѓи 0,1 и 0,2% од пазарната вредност на нивниот деловен простор, нов данок што до сега не постои.

До овој закон, населението во Македонија кое живее во селските населби и во ридските и планинските подрачја, да потсетам дека во Македонија половина од населението живее во вакви средини, над 50%, плаќа 0% данок на имотот што го поседува. Да речеме на своите куќи. Со донесувањето на овој закон што господинот Груевски ни го достави, тие ќе плаќаат помеѓу 0,1% и 0,2 % веќе од наредната година од проценетата вредност на имтот што го поседуваат во селските, ридските и планинските подрачја.

Нека им е со среќа.

И, уште сакам да поздравам две личности од оваа говорница. Господата претседателот на двете стопански комори во Македонија, господинот Бранко Азески и Венко Глигоров, ако не го грешам името, со полна уста пофалби постојано за Владата во врска со даноците, е сега, само да ги потсетам дека членките на Стопанската комора што тие ја претставуваат ќе се соочат со овој данок веднаш по донесувањето на законот.

Нека продолжат со пофалбите и нека продолжат со поддршката на оваа Влада. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

За реплика, претпоставувам.

Три минути реплика за министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Ова е упатено до господинот Никола Поповски.

Претпоставувам дека овие телопи, овие паноа ќе ги прикажеме на друго место, па да му помогнам

да нема забелешки од таму, од третиот па натаму.

Господине Поповски, веројатно се сеќавате уште пред, не знам таму, повеќе од пред 20 години кога сте биле на факултет сте учеле дека степенот на урбанизација во Република Македонија во тоа време изнесуваше високи 60-70%. Како можете да тврдите дека над 50% од населението во Република Македонија живее во ридско планински подрачја. Вендаш менувајте го третиот слајд.

Ако сакате четвртиот и петтиот да ви бидат точни, погледнете го Законот за имот донесен 2005 година, зата што ги дезинформирате граѓаните. И, веднаш поправете го телопот.

Имено, во ридско планинските подрачја, како и во сите други краишта на Република Македонија, за лицата кои живеат во објектите за живеење има 50% даночно ослободување. Дополнителни 50% има даночно ослободување на основицата за лицата кои живеат во ридско планинските подрачја. Тоа значи дека во ридско планинските пдорачја ќе се плаќа само 25% или над 25% основица ќе се применува една многу ниска стапка. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник господин Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Господине министер за финансии,

Попусот се обидувате да објасните дека со воведувањето на новите даноци нема да го загатнете населението и нивните џебови.

Вие воведувате даноци на имот за категорија население што до сега тоа не го плаќале. И, продолжете.

Вие воведувате даноци на деловен простор со илјадници квадратни метри што го имаат трговските друштва и претпријатија што до сега не го плаќале. Продолжете.

И, продолжете вака да им објаснувате. И нека продолжат да ви веруваат. И нека продолжат да си ги плаќаат даноците. Немам ништо против.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Господине Поповски,

Благодарам за сите добронамерни сугестии и би ве замолил, кажете ми една земја во светот каде нема ваква давачка.

На некој начин да ви помогнам во телопите, паноата, не зборувајте за воведување на нов данок. Данокот на имот постои во Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

За реплика претпоставувам, три минути, пратеник господин Поповски Никола, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам господине минситер.

Ќе повторам, продолжете да ги воведувате сите даноци што ги има во светот, а што ги нема во Македонија, на товар на претпријатијата и населението и тоа само објаснувајте го.

И, на сите оние кои ве поддржуваат за тоа слепо, им порачувам да продолжат да ве поддржуваат. Само така продолжете. Објаснете им дека тоа го има во светот, го нема во Македонија. Го немало ни до денес. Ама, откако вие станавте министер, го имаме.

Само продолжете. Ништо повеќе не барам. Оние кои ве поддржуваат, оние кои ви изгласуваат доверба, оние кои ве фалат по новините, нека почнат да си ги плаќаат вашите даноци. Само тоа ми беше целта.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор господин пратеник Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Господине министер,

Ова е еден типичен пример како, кога немаме аргументи, се обидуваме да ја дефокусираме јавноста со алиби образложенија дека некаде постои нешто што мора да го имаме и ние.

Имаше една земја, се викаше Македонија, се вика уште, што беше земја што се здоби со кандидатски статус во која што не постоеја овие давачки. И, граѓаните, пред се компаниите кои вложуваа во објектите и деловните простории не одвојуваа од своите средства нови давачки во касата на општината или на државата.

Има земји или има примери каде што за разлика од кај нас никаде на памет не им паѓа на министрите за финансии да снимаат спотови што потоа исчезнуваат од медиумскиот простор кога ќе разберат дека целиот тој процес бил коруптивен и криминален.

Кога Владата го намалуваше данокот на ДДВ за земјоделските репроматеријали, излезе целава Влада да се слика. Тоа го правеа со реклами во медиумите, се закупуваа страници во медиумите, небројено се трошеа буџетски средства. Но, овој момент, кога се воведуваат нови даноци, без разлика дали постоеле некаде или не, дали со тоа ќе се најдат одредени средства плус за општините или не, сепак останува фактот дека тајно, без помпезност или без фанфари, како што милува да каже господинот Никола Поповски, ќе се воведат нови даноци.

Мене ми е жал што, веројатно, големиот дел од мнозинството пратеници од парламентарното мнозинство воопшто и не го прочитале законот. Затоа што, доколку го прочитале, ќе се замислеле како ќе им објаснат на своите пријатели, комшии или луѓе кои се занимаваат со бизнис во Република Македонија или пак оние кои живеат во ридско-планинските подрачја дека ќе треба да плаќаат нови давачки.

Владата имаше шанса процесот на финансирање или фискалната децентрализација да ја реши прифаќајќи го Предлогот на законот што дојде од пратеничката група на СДС. Тоа е процентот што се одвојуваше од персоналниот данок од 3% да го зголеми на 4,5%. Но, тогаш предлогот беќе

дочекан на нож бидејќи доаѓаше од СДС. Се оцени дека нема потреба да се интервенира законски, затоа што Владата велеше дека за тоа нема потреба и добивме мислење од Влдадата дека тој закон не треба да се носи.

Но, очигледно имало начин како да се дојде до средства или морало да се размислува како да се дојде до средства што потоа ќе се трансферираат до општините. И. најлесно е да се посегне по нови даноци, по нови давачки што до сега во Република Македонија ги немало.

Имено, со членот 8, точките 5 и 8, до сега, до денеска данок на имот не плаќале деловните згради, деловните простории кои служат за вршење на дејноста на обврзникот, освен административните згради и административни простории и станбените згради во селските населби и во ридско-планинските подрачја што ќе ги определи Владата.

Од денеска, односно со примената на овој закон влегуваме, односно ќе се применува од 1 јанѕуари 2008 година, се воведуваат нови давачки што ќе го потрсат бизнисот или бизнис заедницата.

Навистина останува дилемата зошто оние што се интересовни заедници ги нема да го пофалат овој потез на Владата. Останува дилемата зошто кога веќе се посегнува по неколку различни импоненти во работата на бизнисот, на пример се одданочуваат 50% од патните трошоци што досега го немаше. Сакаме да поверуваме дека со тоа ќе се зголеми бизнисот, ќе се зголемат вложувањата, или како тоа да резултираат со нови вработувања. Затоа да не се чудиме и да не го отпуштаме директорот на Агенцијата за вработување и да вработуваме човек кој што ги нема квалификациите за тоа и да мислиме дека тоа ќе ни ги надомести 50-те илјади невработени што фалат. Може господинот Самак да намести 50 патокази низ Македонија и да мисли дека тоа е странска инвестиција и тоа да носи нови вработени. Кога на бизнисот ќе му ги земате уште повеќе парите и на бизнис заедницата која уште повеќе ќе ги цедите и ќе им ги земате со нови давачки, не очекувајте отворање на нови работни места. Никој во тој случај не е крив освен оваа политика на Владата на Република Македонија на господинот Груевски и господинот Славески за воведување на нови даноци, плаќања да соберат повеќе пари бидејќи некои други ефекти што мислите дека ќе се случат не донеле таков ефект како што предвиделе. Фискалната децентрализација и фазата, посебно вториот дел со образованието треба да започне на 1 јули. Многу брзо овде во Собранието ќе треба да дојде и ребалансот на Буџетот на Република Македонија, а и соодветно ребалансите на буџетите на општините. Не мислам дека ова ќе биде клучно во решавањето на тие проблеми. Реков, имаше шанса со Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа да се дадат поголеми ингеренции на општинтие, да се тргне капата и влијанието на Владата, да не биде Владата таа што ќе определува кои се кадарни, а кои не се, да се задолжуваат, а притоа решението да го бараме не во делот што се однесува на собирање од персоналниот данок, туку да оданочуваме компании кои што инвестирале во својот бизнис. Честото менување на овие закони каде што се бара повеќе плаќање ќе ги замисли и потенцијалните инвеститори. Има луѓе кои што инвестирале во хали, во објекти, кои што си направиле проекција за колку време тие би ги вратиле средствата, адекватно на тоа со хипотеката што ја дале, да речеме за објектот земаат некој кредит. Си има некои економски логики и правила во целиот тој план. Ние сме мајстори да ги поместуваме тие токови, да ги укинуваме, да им задаваме нови обврски кои што не постојат.

Почитуван потпретседателе, ќе направам само една мала дигресија, оваа Влада слично се однесува и кон оние приватни корисници кои во здравството влегле со свои инвестиции, со свои објекти. И одеднаш тоа не важи, одеднаш треба да се снаоѓаат да најдат некој нов начин, додатната дејност не важи, контроли, а на сметка на огромни вложувања што ги направиле во своите установи, или во своите ординации што ги отвориле. Слично и тука имаме луѓе што вложиле во капиталните објекти, објекти кои што се наоѓаат на терен во кои што се произведува нешто, кои што си направиле некој финансиски план. Но, не сакајки, или не гледајки дека не можат да ги соберат на централно ниво и потоа со одвојување од персоналниот данок тоа да го вратат со зголемување на процентот што се одвојува од персоналниот данок тоа да го враќаат на општинтие, за жал Владата воведува нови давачки, нови даноци кои што само ќе влијаат на бизнисот и ќе влијаат на помалку вработени во Република Македонија. Затоа пратеничката група на СДСМ нема да го пдоржи овој законски проект со кој што на граѓаните, односно на бизнис заедницата ќе се оданочува со нови средства.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе, почитуван министер, колеги пратеници, значи немам намера ниту да одолговлекувам, ниту да се повторувам. Ме поттикнаа претходните дискутанти да поставам неколку прашања до министерот, се разбира до колку чувствува обврска да одговори. Логично се псотавуваат, можеби има одговори, но за мене се нејасни, особено во делот на одредбата каде што овој закон предвидува да се укине поволноста за неплаќање на данок на недвижен имот во селските средини од редско-планинските места. Значи, моите прашања се следните. Дали Министерството со помош на Министерството за локална самоуправа, или градоначалниците од општините има направено некоја проценка, дали е направена некоја симулација за висината на средствата кои што се очекуваат како приход од данок на недвижен имот од селските населби до

колку заживее овој закон. Што тоа би значело како помош за општините во кои што гравитираат тие селски населби. Значи, второто прашање е, дали на овој начин со овој закон нема да се предизвика стимулација на нови миграциони движења во Република Македонија, дополнително напуштање на руралните средини, селските населби и преселување во градските средини, бидејќи не постои некој мотив во кој што би им се олеснил животот на оваа категорија на најсиромашни граѓани во Република Македонија. Значи, дали на тој начин Владата ќе врши стимулирање на градба на диви градби во градските средини, или избегнување на обврската за плаќање на данокот на имот на овој начин можеби да се размисли како една од можните нови ситуации кои што ќе се појават со имплементација на ова ново законско решение. И сега едно логично прашање, што ако не се наплаќа данокот на имот од оваа категорија на граѓани. После пресметката веројатно ќе дојде до еден силен шок кај нив. Познато ви е дека тоа е најсиромашниот слој на населението, ќе дојде до присилно извршување, ќе применувате нови репресивни мерки, ќе се конфискува имот, стока, или што? Мислам дека треба да се изјасните на кој начин ќе се имплементираат овие нови законски решенија.

И она што за мене е најсимптоматично кое што верувам дека сите како даночни обврзници сме имале прилика да го видиме во решенијата кои што сме ги добивале од општините, сега најновите од решенијата, мислам дека е најосетливиот дел проценката, пазарната вредност на имотот врз основа на кое што методологијата се заснова на пресметка на висината на данокот. Имено, толку е променлива оваа пазарна вредност, особено во подрачјата кои што се директно споменати во овој закон. Значи, јас би сакал да слушнам како ќе се применуваат пазарните вредности за проценка на имотот на некое семејство до колку е останато во Витолиште, во Мариовско. Навистиан симптоматични се овие законски решенија без сериозно да се земе во предвид реалната ситуација во Република Македонија. Лесно е да се копираат решенија кои што во развиените западно европски земји се логични, фигурираат и веќе подолг временски период носат резултати. Ама ние живееме во Република Македонија, во кое што по ваше тврдење значи голем дел на населението сега треба да очекува голема преродба и олеснувања и стимулации за враќање во населените места кои што долго време од руралните средини во кои што долго време биле напуштени. Овие прашања логично ми се наметнаа, можеби не сум во право, ама нависитна сум љубопитен да слушнам кое е мислењето на почитуваниот министер.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Не знам дали ќе биде реплика, затоа што беа поставени неколку прашања.

**Иван Анастасовски:** Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Навистина се работи за материја каде што треба да се поврзат повеќе законски одредби, регулативи и т.н. Дел од прашањата за кои што се интересира господинот Герамитчиоски, да спомнам дека во времето на Владата предводена од СДСМ во Службен весник објавен на 27 јуни 2005 година е публикувана методологија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот. Ќе го прочитам членот 22 кој што е одговор на дел од неговите прашања. Значи, методологијата е донесена во јуни 2005 година. За индивидуалните станбени згради и куќи во селските населби пазарната вредност се намалува за 50% од пазарната вредност на индивидуалните станбени згради и куќи во најблиската зона, односно најблиската зона. Значи, сте биле прилично педантни, односно некои институции кои што работат во континуитет, за разлика од нас политичарите, предвиделе решенија кое што сега можеме да ги користиме.

Во врска со прашањето за оданочување на имотот во селските населби и во ридско планинските подрачја да спомнам дека и ова е барање од единиците на локалната самоуправа. Има екстремни случаи каде што има навистина вредни објекти, вклучително и објекти за живеење. Да напоменам, општина Вевчани е лишена од можноста да прибира средства сопствени по оваа основа и редица други прашања. Мислам екстремите сега од населби како што се Витолиште и т.н. не треба да бидат и да не водат овде во носењето на принципиелни законски проекти. Само да спомнам дека законските определби, или методологијата се погрижиле и таму да има извесни приспособувања, отстапки. Еве на пример за објекти според методологијата кои што се постари од 60 години, градежната вредност претставува пазарна вредност. Самата градежна вредност претставува пазарна вредност. Немојте да мислите дека тоа се симболични вредности. И да повторам, во ридско планинските подрачја има ослободување на ослободување, така што самата основица за наплата на данокот ќе биде многу мала.

Во врска со прашањето што се однесува на стимулации во врска со прибирањето на оделни приходи можам да ви кажам дека навистина не е случајно тоа што се остава простор во овој дел од законските одредби на овие измени и дополнувања на Законот да важат од 1 јануари 2008 година, затоа што навистина треба да се остави простор, единицата на локална самоуправа со помош на Катастарот и другите служби за поддршка за утврдување на имотно-правните односида дојдат до прецизни показатели и евиденција на имотот кој што ќе може да претставува извор на нивни приход. Беше многу добра забелешката од некои пратеници изнесена во дискусијата дека како еден нус ефект на овој закон е мотивацијата за

рационално користење на просторот во Република Македонија. Не случајно голем број на деловни објекти напуштени хали, и т.н. стојат празни најверојатно во очекување да се приватизираат за багателни цени земјиштето на кое што тие се наоѓаат, а тоа секако ние нема да го дозволиме. И ова е еден пазарен механизам за рационално користење на ресурсите во Република Македонија.

А за вашата забелешка господине Спасовски дека ова би потикнало буење на дивоградбите во урбаните населени места. Ќе ви спомнам дека тоа можело да биде случај само во едно друго време кое што е зад нас каде што не се почитуваат законските прописи.

**Иван Анастасовски:** Претпоставувам сите пријавени се за реплика, освен колегата Оливер Спасовски кој беше и претходно пријавен.

Тогаш, одиме со редоследот како што се пријавени за реплика.

Три минути реплика господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам господине потпретседателе. Почитуван министер, вие тргнавте со одговорите од крајот. Добро, методологијата ни ја посочивте. Ако сметавте дека постоечката методологија не е добр, или не е во корист на граѓаните. Значи моето логично прашање, зошто не тргнавте во тој правец да ја промените методологијата од аспект на олеснување на животот на онаа категорија на население кое што живее во селските средини и во ридско планинските места. А вие дополнително им давате нов данок, она што ни на крај памет не сонувале дека ќе го добијат, гласајќи голем дел за вас, за оваа Влада. Значи, ако веќе спомenуваме влади, тогаш нас ни на крај памет не ни паѓаше да го воведеме тој данок на оваа категорија на население.

Второ, околу стимулациите, вие мене ми посочивте дека вие немате ни конкретни показатели што всушност ќе биде бенефит на имплементација на ова ново законско решение. Значи, ако немате показатели, ако допрва ќе ги разгледувате тие прашања ќе ги утврдите кои ќе бидат корисните средства кои што општините понатаму ќе ги користат. Значи, ова е уште еден доказ дека оваа Влада прво носи нешто, а потоа пресметува дали ќе биде корисно, или не.

За мене е клучното кога Владата пристапува кон измена на едно законско решение како што и самите кажавте предизвикува и други нарушувања во општеството е она кое што не успеавте да одговорите, или го занемаривте, дивоградбите. Дали ќе се стимулираат миграциони движења кај нас заради перманентна лоша политика во изминатите 50, или 60 години. Очигледно е дека сме го запустиле селото, дека голем дел на луѓе се преселиле од тие средини. Можеби непримерен ви е примерот со Витолиште, со Мариовско. Еве, Луково, Јабланица, големи простори кои што не се населени. Ние на ова посочувавме кога го носевме Законот за рамномерен регионален развој. И логично поставувавме прашања каде тука ќе се стимулира враќањето на голем дел на населението кое што е на листата во Агенцијата за вработување во големите градови, а имаат сеуште имот во тие селски средини да се вратат и да работат во тие средини каде што се родиле, пораснале и тука припаѓаат, значи со некои семејни корени.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика , пратеникот Никола Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам.

Почитуван министер, не постои централна Влада во светот која што не ги нормира, не ги определува начините на плаќање на даноци во една држава. Ако еден од сегментите е данокот на имот за кој што ние денеска зборуваме, не е данокот на наследство и подарок, или данокот на промет на недвижности. Споменавте дека Владата на СДСМ, или претходната Влада донела методологија која што е доста сложена и за која што навистина голем број на општини во Република Македонија имаа реакции. Зошто е таа толку сложена? Нормално дека секој оној што ја следи оваа расправа ќе си го псотави прашањето, вие неслучајно ја споменавте таа, ќе си го постави прашањето.Зошо тогаш со нешто не ја смениме таа методологија, ако е веќе толку лоша, па да видиме сегашнава Влада што нуди и каква методологија би понудила надвор од онаа што веќе е во сила. Се разбира, факт е еден дека имаме зголемување на давачките во Република Македонија, не само на еден начин тоа во данокот на имот, туку на повеќе начини. Дали на индиректен начин ние со овој закон носиме повисоки цени на комунални услуги во општините? Да. Зошто да речеме во ридско планинските места бидејќи сите знаеме дека данок на имот се плаќа на недвижен имот, а под недвижен имот се земјиште, земјоделски градежни, шумски, пасишта, згради, станбени згради, станови, деловни згради и деловни простории, административни згради и административни простории, згради и станови за одмор и реакреација, или како што рекоа дел од колегите пратеници, викендици и други градежни објекти, како инсталации подигнати врз нив и така натаму.

Ве молам, што ќе се случи, доколку, јас не сакам да зборувам за методологијата, бидејќи нормално е дека по некогаш добро е со вакви уредби или закони, ние да побараме, дополнително да се објасни одлуката и во локалниот совет, што не е направено. Дали смееме да ги прекинеме општинските услуги кон неплаќачите, иако е таква методологијата таква каква што е. Општината мора и може да го примени принципот без даноци нема услуги. Меѓутоа, во таков случај, знаете ли што ќе се случи, ќе имаме вистинска социјална буна во Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

**Никола Ќуркчиев:** Нема да има град и населено место, каде што нема да има револувација. Да завршам.

**Иван Анастасовски:** Имате повеќе дадено време, од времето кое е дадено за реплика.

За реплика се јави пратеник господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Повод за мојата реплика е излагањето на министерот, во која што тој кажа дека со воведувањето на новата давачка за стопанските субјекти, данокот на имот, оние објекти кои што биле напуштени, сега ќе биле стопанствениците мотивирани да ги активираат и да ги стават во функција. Тогаш господине министре зошто вие цела кампања теравте дека Македонија е инвестициски рај за намалување на даноците. Зошто вие тогаш по вашата логика не терате некоја друга кампања. Ако проблемот го најдовте со воведување на данок на имот, качете ја и стапката на донок на имот и сите стопански субјекти ќе проработат во Република Македонија. Нема ни еден да не работи. Мислам дека такво објаснување во најмала рака не држи по ниеден основ и нема логика така да го браните законот. факт е дека воведувате нова давачка за стопанските субјекти, а кога ќе дојдеме до комуналната такса, воведувате и зголемена давачка и за граѓаните. Сега кажете каде во вашата програма го пишува тоа на тоа толку што се повикувате. Кажете на таа и таа страница, бидејќи е очигледно дека вие како некоја водилка во сите активности, да не кажам за друго, кажете каде рековте дека ќе ги зголемите давачките и за стопанствениците и за граѓаните. Повторно не одговоривте на прашањето како оваа давачка ќе им помогне на општините и на колку општини да го решат проблемот со финансирањето, посебно на руралните општини, кои што имаат многу мала основа да прибираат даноци на имот, вака како што планирате. Како ќе се реши таму проблемот? Или повторно, богатите да бидат побогати, општините кои што се рурални и немаат можности за развој да останат на исто ниво. А зошто носевме и други законски поректи тука, и рамномерен регионален развој и други кои што беа системски, кога сега вие со еден закон воведувате таква нерамномерност и такви нееднакви позиции во развојот на општините што прашање кога некои општини кои што немаат стопански субјекти, не можат никогаш да ги достигнат развиените општини. Нема тука правда, со законско решение не решавате никаков проблем, туку само пробувате нешто што да направите и верувајте за брзо време ќе се покаже дека ова е тотално промашување во делог на решавањето на проблемот за финансирањето и ќе доведе само до нови давачки.

**Иван Анастасовски:** Ви благодрам колега.

Има збор патеник госпоѓа Иванова Цветанка, повелете. Се извинувам, три минути реплика Иванова Цветанка.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господиние потпретседателе.

Излагањето на господинот министер ме потикна да се јавам за збор за реплика, и сега, само сакам да го кажам следното.

Господине министер, со овие пакет три закони вие воведувате нови давачки на граѓаните и немојте елегантно барајќи некои аргументи да си ја отврлате од себе одговорноста дека постапувате и настапувате спротивно на вашите програмски определби, предизборни ветувања, затоа што тврдевте дека ќе ги намалувате даноците, а само на оваа седница ги зголемувате даноците и давачките на граѓаните по три основи: данок на имот, данок од комунална дејност, комуналната такса и административната такса. Кажете го тоа така и небарајте подршка во аргументот дека оваа изјава била на барање на Заедницата на локалната самоуправа. Барање на Заедницата на локалната самоуправа беше и да се зголеми процентот во законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, но не го прифативте.

На крајот на краиштата, вие ја добивте довербата од граѓаните, а не од Заедницата на локалната самоуправа, затоа што граѓаните ви проверуваа дека ќе ги намалувате даноците, а сега, со овој закон, не само што не ги намалувате, туку воведувате нови давачки на сопствениците на деловните згради и деловните простории, кои што им служат за вршење на дејност, иако се залагавте за економски бум во државата и што е најжалосно, воведувате нов данок на имот за објекти, односно за станбени згради, за селски населби во рурално неразвиени подрачја. Ако се има предвид фактот дека пред извесно време го донесовме и Законот за рамномерен регионалне развој, каде што на оваа категорија граѓани им го укинавте досегашното право кое што уживаа право на пензиско и инвалидско и здравствено осигурување, имајќи го уште ова даночно оптоварување, почитуван господин министер, јавете се во населените места во мојата изборна единица, или во мојот регион, во селата Попчево, Раборци, Селотино, Мемешли, Орманли, Дрланбос и објаснете им ја акцијата на Владата за олеснување на нивниот живот со овие два закони, што им  ги воведовте. Им го укинавте постоечкото право на пензиско-инвалидско-здравствено осигурување, а сега, им додавате уште една давачка данок на имот, како да веќе Република Македонија го постигна рамномерниот регионален развој и сега можеме да тераме подеднакво за сите граѓани во Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика за пратеник Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине потпретседателе,

Мојата реплика е на избегнувањето на господинот министер, за тоа што избегнува да одговори на основното прашање со донесувањето на овој закон.

Имено, сака да го избегне одговорот на прашањето како воведувањето на овој нов данок ќе се одрази на финансиското работење на стопанските субјекти во Република Македонија. Како Влада, тоа му е првата задача при носење на закон со кој ќе се воведува нова давачка. Но, министерот за финансии вешто тоа сака да го изигра за на крајот, овие решенија кои што ќе бидат за данок на имот, ќе гласат со потпис на гадоначалниците. И кога ќе се донесат тие решенија, тогаш поаѓајки од ваквата игра сега на министерот, тогаш ќе каже ние не го воведуваме данокот на имот, го воведуваат градоначалниците. Целат игра е тука.

Но господине минстре, ќе повторам уште еднаш, даночната, фискалната политика во една држава ја води Владата. Во овој случај вие сте како министер на ваш предлог и на оваа Влада што се воведува нова давачка.

Кога би биле и ние лицемерни како вас, сега би требало да ги зголемите давачките, да се донесе овој закон и од другиот ден да тргнеме низ Македонија и да кажуваме еве што закон ви донесе оваа Влада. Но напротив, ние сакме уште сега да укажеме дека тоа не добар начин за дополнителни оптоварувања на стопанството. Јас би ве подржал ако остнете на она што на крајот го рековте: дека вашата цел била некои простории, објекти кои што ги поседуваат одредени стопански субјекти, кои што не се во функција, сакате на ваков начин да ги принудите да ги активираат. Тука целосно би ве подржал, ама предложете таков закон. За секој објект, кој што некој го поседува, а не е во функција, бидејќи сегашниот закон тоа го овозможува, ако не е во функција за работа, треба да се оданочува. Предложете тогаш такво законско решение, а не со искажувањето на вашиот став дека таа ви е намерата да се задскриете зад сето она што сега овде го предлагате.

Јас уште еднаш сакам да ве повикам. Размислете добро, дајте ни анализа како ќе се одрази на стопанството на Република Македонија воведувањето на оваа нова давачка. Дали ќе има дополнителна давачка, или ќе нема, како што велите вие. Ние сите гледаме дека има. Кога сите гледаме дека откога дојдовте на власт дополнително се зголемени давачките на стопанството, а вие сакате да не убедите дека нема. Но, секој ќе си го осети на својот грб оној што треба да го плати овој данок и за тоа тогаш ќе зборуваме. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам  колега.

Со ова денес ја прекинувам денешната седница.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)